ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“- Скопје
ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 01-311/1
10.07. 2025 год.
Општина Аеродром-Скопје



Скопје, јуни 2025 година.

Содржина

Вовед 9
1. Општи податоци за основното училиште 9
1.1. Табела со општи податоци 10
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште 11
2. Податоци за условите за работа на основното училиште 14
2.1. Мапа на основното училиште 14
2.3. Простор 15
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ 16
2.5. Податоци за училишната библиотека 21
Саемот на книгата што се одржа на 28.05.2025 во аулата на нашето училиште беше прекрасно доживување за сите ученици. Во рамките на проектот „Читателски авантури за најмладите“, учениците донираа книги и лектирни изданија за збогатување на училишната библиотека, а истовремено ги презентираа своите трудови поврзани со прочитаните лектири. Атмосферата беше исполнета со љубов кон книгата, ентузијазам и читателска радост. 21
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година 22
3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште 25
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа 25
3.2. Податоци за раководните лица 34
3.3. Податоци за воспитувачите 34
3.4. Податоци за вработените административни службеници 34
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица 34
3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори 36
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар 36

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените 37

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените 37

3.10. Податоци за учениците во основното училиште 38

5. Мисија и визија 40

6. Веќе научено/стекнати искуства 40

7. Подрачја на промени, приоритети и цели 42

7.1. План за евалуација на акциските планови 47

8. Програми и организација на работата во основното училиште 48

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште 48

Во текот на 2024/25 година тимот за Еколошка интеграција ги реализира следниве поважни настани: 51

1. Во рамките на Еразмус + проектот: „ Нови пристапи во зелена транзиција за едукација на заедниците во пракса“ реализирани се активности за зајакнување на капацитетите на наставниот кадар од ООУ Лазо Ангеловски-Скопје, при што беа опфатени 48 наставниците од предшколска и школска возраст. 51

Во организација на Куќа на учители од Букурешт/The House of Teachers Bucharest, институција што функционира во рамките на Министерството за образование на Романија во соработка со Општина Аеродром на 29.10.2024 година беше реализирана Студиска посета за размена на добри практики во едукација на учениците. 51

На настанот гостите ги поздрави м-р Магдалена Петреска, Директор на ООУ Лазо Ангеловски-Скопје како и г-дин Тане Димовски, раководител на Сектор за образование при Општина Аеродром. Настанот го збогатија и учениците од нашето училиште со пригодна приредба. Учениците од 4-то и 5-то одделение ги поздравија присутните со еко химната на ООУ Лазо Ангеловски. 51

Драмската секција се претстави со пригодна престава со вклучени еколошки содржини. 51

Учениците од предметна настава се преставија преку училишните секции од групата на природните науки, земајќи активно учество на настанот. 51

2. Во насока на обезбедување на чиста животна средина, а со цел правилно депонирање и управување со отпадот во рамките на проектот: „Clean Air – нула цврст отпад во Општината Аеродром“, на 13.09.2024 ООУ Лазо Ангеловски-Скопје доби машина за рециклирање на ПЕТ пластични шишиња и лименки. На настанот присуствуваа г-дин Дејан Митески, в.д. градоначалникот на

Општина Аеродром, г-дин Златко Перински, Министер за локална самоуправа, г-ѓа Вероник Улман, Амбасадорка на Швајцарија,

како и поддржувачите во проектот, Штефен Худолин, Шеф на соработка при Делегација на Европската Унија во Скопје, 51

На настанот нашите ученици преку драматизација и песна испратија еко порака и ни покажаа како да се грижиме и да ја чуваме нашата животна средина. 51

3. Наставниците од тимот за еколошка интеграција со ученици учествуваа во: 52

-изработка на упатства за рационално користење на енергија и вода и истите да бидат прикачени на соодветно место во училиштето, 52

- понатамошно одржување на цвеќињата (полевање) во холовите на училиштето и следење на состојбата на засадените растенија во училишниот двор, 52

-понатамошно користење на машината за рециклирање на ПЕТ пластични шишиња и лименки од страна на учениците, со цел подигнување на свеста за чиста животна средина. 52

4. По повод Денот на екологијата 21- Март, наставниците од тимот за еколошка интеграција со ученици од одделенска и предметна настава учествуваа во: 52

- Разубавување на ходниците, канцелариите и училниците со цвеќиња. 52

- Изработка и истакнување на содржини за заштита на водите и биодиверзитетот. 52

- Изработка на состави, цртежи, песнички и друг вид на изработки за заштита и зачувување на животната средина и истите беа прикачени на соодветно место во училниците и холовите. 52

5. Во просториите на Министерството за енергетика беше потпишан Договор за соработка помеѓу министерката Сања Божиновска, директорката на ООУ „Лазо Ангеловски“ и директорот на Македонски Телеком – со што официјално започнува реализацијата на паметниот систем за следење и управување со потрошувачката на електрична енергија во нашето училиште. Ова е важен чекор кон поодржливо, поеколошко и поефикасно училиште. Новото решение ќе ни овозможи подобар увид во потрошувачката, оптимизација на трошоците и поттикнување на одговорно користење на енергијата. Учениците ќе имаат можност одблиску да се запознаат со современи технологии и да развиваат енергетска свест. 6. Учиме да бидеме еко свесни ученици и наставници од ООУ „Лазо Ангеловски“ учествуваа во иницијативата за еколошка свест и одговорност во соработка со Македонски телеком и “Нула отпад”, при што беа собрани електронски уреди и испратени на рециклирање. 52

7. Одржан е Еко час – централен настан на националната агенција „Генералка викенд”, посветен на екологијата и на чистењето на животната средина. 52

8. Компанијата Тексомак во соработка со општина Аеродром организираше еко акција за собирање на текстилен отпад. 53

9. Градинарскиот центар “Фоја” дониираше растенија за нашето училиште. Со донацијата училиштето стана позелено и поубаво место за учење и дружба. 53

10. Ученици од ООУ Лазо Ангеловски учествуваа на “Е-Капитолијада” со изработка на еко-маски. “Е-Капитолијада 2025” се одржа со поддршка од Општина Аеродром и Амбасадата на Република Словенија во Скопје. Главна цел беше подигање на светста кај учениците за штетноста од електронскиот и електричниот отпад врз животната средина.работилници 53

11. Одржана е Еко-Арт изложба на која учениците со ентузијазм создаваа уметнички дела од рециклирани материјали, учеа за важноста на одржилвиот развој и се забавуваа преку креативни работилници. Проекот Ако-Арт беше организоран од Студентскиот парламент при Финки и е дел од проектот; “Clean AirDrom”, нула црвст отпад во општина Аеродром. 53

Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите 54

Работа во смени 57

Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата 57

Проширена програма 58

Комбинирани паралелки 59

Странски јазици што се изучуваат во основното училиште 59

Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение 60

Изборна настава 61

Дополнителна настава 63

8.10 Додатна настава 63

Работа со надарени и талентирани ученици 64

Работа со ученици со посебни образовни потреби 65

Туторска поддршка на учениците 66

План на образовниот медијатор 66

9. Воннаставни активности 66

9.1. Училиштни спортски клубови 66

9.2. Ученички акции 67

- По повод одбележувањето на 21 Февруари - Денот на мајчиниот јазик, членовите на Клубот на млади лингвисти и литерати при ООУ „Лазо Ангеловски“, под менторство на м-р Благица Ангеловска, предметен наставник по македонски јазик, им поделија честитки на учениците, наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето, како и на случајните минувачи во околината на училиштето. Преку изготвените честитки беа актуелизирани најсуштинските цитати и мисли на македонските великани во научната јазична мисла Крсте П. Мисирков и Блаже Конески, како и безвременските поетски стихови на македонските поети Кочо Рацин, Ацо Шопов, Анте Поповски, Петре М. Андреевски, Гане Тодоровски и др. 67

- Негувањето и афирмацијата на македонскиот литературен јазик како мајчин јазик меѓу најмладите е благородна мисија којашто секојдневно треба да ја остваруваме. Затоа што тоа е колепката на идентитетот како суштинско обележје на секоја личност. 68

- Саемот на книгата што се одржа на 28.05.2025 во аулата на нашето училиште беше прекрасно доживување за сите ученици. Во рамките на проектот „Читателски авантури за најмладите“, учениците донираа книги и лектирни изданија за збогатување на училишната библиотека, а истовремено ги презентираа своите трудови поврзани со прочитаните лектири. Атмосферата беше исполнета со љубов кон книгата, ентузијазам и читателска радост. 68

Ученичко организирање и учество 68

11. Вонучилишни активности 70

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа 70

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности 72

12. Натпревари за учениците 76

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција 95

14. Проекти што се реализираат во основното училиште 96

15. Поддршка на учениците 97

15.1. Постигнување на учениците 97

15.2. Професионална ориентација на учениците 102

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација 103

16. Оценување 105

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето 105

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка 105
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар 107
16.4. Самоевалуација на училиштето 107
17. Безбедност во училиштето 108
18. Грижа за здравјето 109
18.1. Хигиена во училиштето 109
18.2. Систематски прегледи 110
18.3. Вакцинирање 110
18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата 110
19. Училишна клима 112
19.1. Дисциплина 112
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 112
19.3. Етички кодекси 113
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето 113
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 114
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите 115
20.2. Активности за професионален развој 116
20.3. Личен професионален развој 118
20.4. Хоризонтално учење 118
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 119
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето 119
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности 120
21.3. Едукација на родителите/старателите 124
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште 124

Компанијата „Тексомак“ во соработка со Општина Аеродром организира еко акција за собирање текстилен отпад. 127

За таа цел беа поставени Контејнери низ општината, со цел секој ден граѓаните да можат да го остават текстилниот отпад на следниве локации: 127

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште 129

Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште 132

Заклучок 133

Комисија за изработка на Полугодишен извештај за работа на основното училиште 134

Вовед

1. Општи податоци за основното училиште

Годишниот извештај за работата на училиштето е документ во кој се содржани реализираните планирани активности во учебната 2024/2025 година.

Документи врз кои се заснова овој Годишен Извештај се:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Под-законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници, Куќен ред на училиштето, Наставните планови и програми за основно образование
- Концепција за деветгодишно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето

- Програмата за работа на училиштето

- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, Извештај од Интегрална евалуација, Извештај од Самоевалуација, Програма за развој, Извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

1.1. Табела со општи податоци

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ„Лазо Ангеловски“
Адреса, место, општина	Булевар „АСНОМ„ бр.192 - Скопје
Телефон	02 2 430 324
Факс	02 2 430 324
Веб-страница	https://oulazoangelovski.edu.mk/
Е-маил	lazoangelovski@yahoo.com
Основано од..	Општинско собрание на општина Кисела Вода
Верификација-број на актот	бр.15-6253/1г
Година на изградба	13.09.1988
Тип на градба	/
Внатрешна површина на училиштето (m2)	4752m2
Училиштен двор (m2)	12 604м2
Површина на спортски терени и игралишта	200м2
Начин на загревање на училиштето	централно греење
Училиштето работи во смени	да/2 смени
Број на паралелки	55
Број на комбинирани паралелки	/
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не
Други податоци карактеристични за основното училиште	Училиштето е инклузивно, eTwinning, еко, најдигитално и претприемничко училиште

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште


Членови на училиштен одбор (име и презиме)	**3 претставници од училиштето** -Гордана Камческа Ѓоревска, Жаклина Колевска и Анета Димовска **3 претставници од Совет на родители** – Марија Тричковска, Јасмина Боримечкоска, Благица Митковска **1 претставник од локалната самоуправа** - Бобан Јовановски
Членови на советот на родители (име и презиме)	На почетокот на учебната година на првата родителска средба се делегираат претставници од секоја паралелка на ниво на генерација како членови на Совет на родители .Членови на Совет на родители: Благица Митковска,Ивана Стојковиќ, Зафир Делиуланов, Гара Данилов, Анета Пашоска, Мартин Блажевски, Ивона Несторовска, Ивона Георгиевска, Кристина Живковски, Љубица Стојковиќ Попова, Кристијан Антовски, Марија Хаџи Василева Белевска, Гордана Николиќ, Стевче Стевановски, Дона Коцевски, Александра Јанчева, Катерина Митковска, Христина Рунчева Тасев, Ана Кулеванова Божиноска, Владимир Наумовски, Мирјана Тргачевска, Леополд Бундакески, Стево Богдановски ,Јасмина Михаиловска, Игор Николовски, Марија Тричковска, Оливера Тушевска Столеска, Елена Горгиева, Марија Радовановиќ,Јана Постолоска, Билјана Богданоска, Анастасија Николова Вељаноска, Зорица Здравковска-Николова, Сања Велинова, Фросина Пандурска Драмаќинин, Билјана Миленсковска, Гоце Крстевски, Неше Рамовиќ, Зорица Симиќ, Јасмина Антиќ, Јасмина Боримечковска, Соња Вујасин, Марија Ристеска, Кузмановска Оле, Радана Костовска Митева, Соња Пешева, Сандра Николич, Стевчо Алексовски, Горан Бероски, Борис Сидовски, Елена Андоновска Цветковска,

	Марија Алексиќ, Ели Милошевска,Сашо Дрвошански, Александра Грујовска, Данило Граорковски,Милена Ефремовска Сламкова,Игор Бошевскаи,Славко Јовановски,Ирена Гроздановска и Маријан Рачевски **Претседател на Советот на родители:** Марија Тричковска **Потпреседател на Советот на родители:** Кристијан Зарков
Стручни активи (видови)	Актив на одделенска настава, група на природни предмети, група на општествени предмети, Актив по македонски јазик и на странски јазици, Актив по информатика, иновации и техничко образование, Актив на ФЗО, ликовно и музичко образование.
Одделенси совети (број на наставници)	Одделенски совет за ● Одделенска настава - 47 наставници ● Предметна настава - 47 наставници
Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)	**Координатор на УИТ:** м-р Душанка Панкова **Членови:** м-р Магдалена Петреска, Директор м-р Тина Симиќ Ацковска специјален едукатор, пом. Директор Валентина Петрова - предметен наставник Маја Тенев-предметен наставник Аделина Давидовска-психолог Искра Илковска - специјален едукатор Елена Малческа- социјален работник м-р Душанка Панкова - одделенски наставник Марија Тричковска, родител Ирена Брашнарска, родител
Заедница на паралелката (број на ученици)	24
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	Ученичкиот парламет беше составен од 24 ученици. Секоја паралелка од генерациите од шесто до деветто одделение делегираше свој претставник кој се бираше со мнозинство гласови.

	Претседател на УП се избра по пат на тајно гласање од страна на сите членови на првата официјална средба која се одржа на почетокот на учебната 2024/25 година. За Претседател на Ученичкиот парламент во учебната 2024/25 година беше избрана **Софија Ристиќ.**
Ученички правобранител	Ученички правобранител се избра со мнозинство гласови од претставниците на Ученичкиот парламент на првата средба на почеток на учебната 2024/25 година.За ученичкиот правобранител беше избрана ученичката **Јована Атанасовска.**

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште





2.2. Податоци за училиштниот простор

Вкупен број на училишни згради	Три
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	17 356м2
Нето површина	4752м2
Број на спортски терени	1
Број на катови	Два
Број на училници	35

Број на помошни простории	15
Училишна библиотека, медијатека	2
Начин на загревање на училиштето	централно греење

2.3. Простор

Просторија	Вкупен број	Површина (m2)	Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)	Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)
Училници	35	2178 m2	4	Потребно е да се доградат училници
Кабинети	14	696 m2	4	
Библиотека	1	11,5 m2	5	
Медијатека	/	/	/	
Читална	1	11,5 m2	5	
Спортска сала	2	480 m2	5	Потребна е помошна спортска сала за учениците од одделенска настава
Канцеларии	9	189 m2	4	
Училиштен двор		12.604 m2	4	
Заеднички простор за прослави	1	550 m2	5	
Кујна	1	40 m2	4	
Трпезарија	1	71,5 m2	/	
Друго	/	/	4	има потерба од дополнителни збирки, канцеларии и просторија за состаноци и сл.

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	Постоечка опрема и наставни средства	Потребна опрема и наставни средства
Македонски (одделенска и предметна настава)	Наставниците ги користат ресурсите од училишната библиотека, учебниците за соодветното одделение, интернет ресурси	Наставниците ги користат ресурсите од училишната библиотека, учебниците за соодветното одделение, интернет ресурси аудио визуелни средства и други средства во зависност од целта.
Странски јазици	1 цд плеер постери флеш карти	звучници флеш карти постери (со вокабулар)

Музичко образование (оделенска и предметна настава)	20 мандолини 2 мандоли 5 гитари 1 контрабас 1 синтисајзер 5 блог флејти 4 радио касетофони 1 грамофон 1 пијано 1 клавир детски ритмички инструменти, детски мелодиски инструменти, жичени инструменти и клавир	Опремата е застарена и истата треба да се обнови. Уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-плеер, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, звучници,). пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент. Аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД
Историја	25 историски карти	Училиштето ќе продолжи со континуирана набавка на опрема и нагледни средства со цел осовременување на воспитно- образовниот процес
Географија и општество	35 Географски карти,	Училиштето ќе продолжи со континуирана набавка на опрема и нагледни средства со цел осовременување на воспитно- образовниот процес

Сите предмети	Таблети, VR очила, LCD проектор	Бројот е ограничен за една паралелка,новозависност од материјлната и финансиска состојба на училиштето тековно ќе се продолжи со набавка на истите
информатика	ЛЦД проектори таблети статични компјутери	Тековно ќе се набавуваат
граѓанско образование	1 лап топ1 лап топ 1 лцд проектор	Тековно надополнување на потребните ресурси
Математика (одделенска и предметна)	5 Шестари 6 Триаголници 2 Линијари 4 Комплет геометриски тела 1 проектор 1 платно	Тековно надополнување на потребните ресурси

Билогија и природни науки	Модел-труп на човек 6 микроскопи 10 модели на органи 50 хистолошки препарати 100 епрувети 2 модели на молекули 30 очила 30 мантили лаб. прибор (елермаер, шише, колби, стапчиња, мензури, шпиртни ламби, петриеви садови, заштитни ракавици) едукативни постери амперметар волтметри пехаметри лупи енергзакосници,светилки,зујалки,магнети во различни форми 2 проектори 2 платна	Тековно надополнување на потребните ресурси
Техничко образование (одделенска и предметна)	6 клешти 5 штрафцигери	Тековно надополнување на потребните ресурси
Физичко и здравствено образование (одделенска и предмента настава)	10 топки 12 обрачи 12 јажиња 7 душеци баскети, топки за ракомет, фудбал и одбојка, отскочна даска, јарец, греда	Тековно надополнување на потребните ресурси

одделенска настава	**актив прво** 4 смарт табли 1 проектор **актив второ** 5 печатачи 2 бели табли со маркер 3 смарт табли 1 ЦД плеер 3 проектори со платно **актив трето** 2 смарт табли 1 ЛЦД проектор 1 платно 1 десктоп комјутер 1 телевизор 1 прочистувач на воздух **актив четврто/петто** 1 телевизор 1 принтер 6 смарт табли со проектори 2 проектори со платно 2 карти на Р.Македонија	Тековно надополнување на потребните ресурси

2.5. Податоци за училишната библиотека

Ред.број	Библиотечен фонд	Количество
1.	Лектири од II до IX одделение	3142
2.	Литература за деца	4360
3.	Македонска историја и култура	187
4.	Македонски јазик и литература	169
5.		124
6.	Белетристика	970
7.	Сликовници за деца	520
8.	Атласи, енциклопедии, речници	100
9.	Стручна литература за наставници	1070
10.	Литература на странски јазици	418
Вкупно (книги)		11060
11.	Учебници	18455
Вкупно (книги и учебници)		36910

Саемот на книгата што се одржа на 28.05.2025 во аулата на нашето училиште беше прекрасно доживување за сите ученици. Во рамките на проектот „Читателски авантури за најмладите“, учениците донираа книги и лектирни изданија за збогатување на училишната библиотека, а истовремено ги презентираа своите трудови поврзани со прочитаните лектири. Атмосферата беше исполнета со љубов кон книгата, ентузијазам и читателска радост.

Во ерата на дигитализација, поважно е од кога било да се охрабрат учениците да читаат и да им се помогне да ја согледаат вредноста на литературата.

Затоа на 26 Април сите патишта водат кон ООУ,,Лазо Ангеловски”, кадешто ќе се одржи Саемот на книгата под мотото

,,Дете што чита е возрасен што мисли”.

Главната цел на саемот е да ги поттикне учениците да истражуваат различни жанрови и да развијат страст за читање.

На штандовите издавачките куќи ќе имаат можност да ги доближат до учениците книгите од домашни и странски автори од различни жанрови- современи и класични книжевни дела, стручна и научна литература, белетристика, лектири, енциклопедии, книги од областа на културата и уметноста.

ООУ,,Лазо Ангеловски” Скопје, влезе во светот на современите сликовници од новата европска продукција, како дел од проектот ,,Нашата мала библиотека” која има за цел на поинаков и поинтересен начин да ја развие кај учениците љубовта кон читањето.
Проектот го реализира издавачката куќа „Прозарт Медиа“ од Скопје, како дел од поголемиот проект што етаблираната издавачка куќа во Словенија – „КУД Содобност“ од Љубљана. Проектот е сеопфатен, се изведува интерактивно, со помош на книги за активности и сликовници, а се применуваат различни методи и активности за да се зголеми љубовта кон книгите, со цел да се едуцира генерација на доживотни читатели.
Во проектот учествуваат сите наставници и ученици од 2 и 3 одделение !
Координатор на проектот: Библиотекар м-р Тони Димов

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	Површина во m^2	Намена
Реновирање на 4 санитарни јазли	30 м2	Унапредување на хигиената во училиштето
Целосно молерисување на 7 училници ,со мрсна боја се офарбани 6 училници и 2 канцеларии, молерисување на ходници и аула	64м2	Подобри услови за работа,чиста околина и естетски пријатна атмосфера
Хортикултурно уредување на училишниот двор – донација на 50 садници од ФОЈА	250 м2	Развивање на еколошката свест кај учениците и пријатен одмор и рекреација за учениците

– Во акцијата која се одржа во дворот на ООУ ,,Лазо Ангеловски” беа засадени 30 садници од чинар - дрвја кои се идеални за урбана средина и имаат долг животен век – набавена е нова електрична косилка		
Подобрување на материјално технички услови за работа (нагледни средства и помагала/таблети и компјутери,географски карти,слики,постери,спортска опрема и инфраструктура Обезбедени се преку донација или со сопствени средста и со тоа подобрени се потребите и во одделенска и предметна настава: - Преку донација набавени се две клими за опремување на две училници - поставени се нови штедливи светилки во фискултурната сала - набавени се нови завеси за 19 училници преку финансии кои се обезбедени од учество на новогодишен базар и приредби во чилиштето - Набавени се 16 ПП апарати за заштита од пожари - прочистувач за воздух - звучници и микрофони за приредби и манифестации - две фотељи и двосед во просторот за прием на гости кај директор и наставници - Преку проект во кој беа вклучени наставниците по природни науки се обезбедија-наставни помагала кои многу ќе ги подобрат условите за работа по овој предмет.Набавени се : Метален сад за загревање со метален капак апарат за загревање (решо ,електричен бокал) илустриран материјал за формата на земјата, земјени обвивки/сфери релљеф и рељефни форми,,време,метеоролошки инструменти,природни		Подобрување на материјално технички услови за работа и поријатна атмосфера за престој и учење

богатства,необновливи и обновливи извори на енергија,географска карта на светот, нема карта на светот,Звучни извори,на енергија.,метални и пластични чаши,линеар,звучни вилушки,фонометар,батерии,жици,спојувалки, закосници,светилки,зујалки,магнети во различни форми Исто така преку учество во проект по природни науки доделени се финансиски средства од 45000денари со кои е набаве Сет за науки кој содржи сет за микробиологија -2 парчиња модел на електричен погон лупи мали светилки со постоље и приклучоци светилки 6 в единечни и дупки прекинувачи спроводни жици/кабли за поврзување крокодили за спроведните жици-адаптери за штипки плоснати батерииод 4,5в батерии од 1,5 б пластични кујнски мерицисо рачка со волуменод 5оо9 мл послужавници пластични инки термометри за храна медицински шприцевисо волуменод 20 мл водород пероксид3% дрвени шпатули медицински ракавици пластични чаши 100 мл пластични чаши 250 мл пластични мензури стаклени епрувети ерлемаер пипети стаклени епрувети карти/постери од литература мк и Тримакс		

Целосно се обновени 4 канцеларии на стручните соработници со канцелариски мебел ,плус опремена просторија со канцелариски мебел за состаноци (донација од ESI) администрација	64м2	Подобри услови за работа на вработените,естетски разубавен простор и пријатна атмосфера

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

Ред. бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	Игор Боризовски	1971	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		29 год.
2	Мирјана Смилевска	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		41 год.
3	Екатерина Геговска	1970	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		33 год.

4	Роберта Јордановска	1964	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		37 год.
5	Грозданка Крстевска	1974	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		28 год.
6	Наташа Трајчева	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		19 год.
7	Душанка Панкова	1965	Професор по одделенска настава	М-р по кадровски менаџмент	наставник по одделенска настава		37 год.
8	Снежана Петреска	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		39 год
9	Билјана Спасовска	1973	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		30 год.
10	Емилија Христова	1969	Проф.по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		30 год.
11	Тања Јосимовска	1969	Професор по одделенска настава	М-р на психолошки науки	наставник по одделенска настава		30 год.
12	Кристина Башовска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		15 год.
13	Лидија Божиноска	1975	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		18 год.
14	Марина Нанева	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
15	Анета Димовска	1982	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		18 год.

16	Жанета Митровска	1983	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		17 год.
17	Јасмина Мигуловска	1983	Професор по одделенска настава	М-р по менаџмент на човечки ресурси	наставник по одделенска настава		16 год.
18	Славица Стојановска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
19	Лилјана Вурмеска	1965	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		35 год.
20	Билјана Колевска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
21	Марина Стојчевска	1966	Одделенски наставник	ВСС	наставник по одделенска настава		29 год.
22	Светлана Јосифоска	1968	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		33 год.
23	Марија Митева	1975	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		28 год.
24	Дарко Димковски	1983	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		15 год.
25	Теодора Шалевска	1984	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		12 год.
26	Гордана Камческа Ѓоревска	1990	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		9 год.
27	Сања Стојановска Дамјановиќ	1986	Професор по одделенска настава	м-р по менаџмент во образованието	наставник по одделенска настава		13 год.
28	Весна Мирческа	1983	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		11 год.

29	Елена Гашевска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		16 год.
30	Адела Бикиќ Јанковска	1989	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		7 год.
31	Билјана Кузевска	1978	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		19 год.
32	Емилија Сарафилоска	1979	Професор по оддленска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		6 год.
33	Весна Стрезоска	1983	Професор по одделенска настава	М-р	наставник по одделенска настава		21 год.
34	Петранка Крстева	1975	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		18 год.
35	Христина Божиновска	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		6 год.
36	Зорица Божинов	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		20 год.
37	Лидија Шкуртевска	1965	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		28 год.
38	Александра Пејковска	1980	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		9 год.
39	Тамара Тодоровска	1993	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		7 год.
40	Данче Димовска	1983	Професор по одделенска настава	м-р Менаџмент во образованието	наставник по одделенска настава		14 год.
41	Ана Додевска	1979	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		

							19 год.
42	Стефанија Додевска	1982	Дипломиран педагог	ВСС	наставник по одделенска настава		4 год.
43	Јадранка Дракуловска	1982	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		16 год.
44	Шекеринка Спасова	1989	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		13 год.
45	ПепиСпировска - Христова	1981	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		1 год.
46	Јана Крстева	1999	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		1 год.
47	Наташа Јакимовска	1986	Професор по одделенска настава	ВСС	наставник по одделенска настава		14 год.
	ПРЕДМЕНА НАСТАВА						
1	Радмила Гиговска	1965	Професор по математика/информа тика	ВСС	наставник по математика		29 год.
2	Мимоза Илиевска	1963	Професор по историја	ВСС	наставник по историја		30 год.
3	Златика Јолеска Даскалов	1969	Професор по производно-техничко образование	ВСС	наставник по техничко образование		28 год.
4	Валентина Петрова	1967	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		32 год.
5	Марина Кујунџиева	1970	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		31 год.
6	Жаклина Колевска	1964	Професор по физика/хемија	ВСС	наставник по физика		30 год.

7	Мирослава Павлова - Аневска	1973	Дипломиран филолог по македонски и англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		26 од.
8	Бојан Стојковски	1979	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		1 год.
9	Благица Ангеловска	1984	Дипломиран филолог	М-р по македонистика со комуникологија	наставник по македонски јазик		13 год.
10	Костадинка Поповска	1965	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		34 год.
11	Вангелица Поповска	1965	Професор по математика/физика	ВСС	наставник по математика		33 год.
12	Жаклина Трајковска	1969	Професор по хемија	ВСС	наставник по хемија		24 год.
13	Анета Талеска	1981	Професор по германски јазик	ВСС	наставник по германски јазик		18 год.
14	Весна Анѓелевска	1967	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		17 год.
15	Емица Здравев	1984	Професор по англиски јазик	м-р по англиски јазик	наставник по англиски јазик		16 год.
16	Петар Ацески	1984	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по ФЗО		17 год.
17	Катарина Митковска	1973	Дипломиран теолог	Професор специјалист по методика на наставата по религиско образование	наставник по етика во религии		14 год.
18	Марина Блажевска	1987	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		4 год.
19	Оливера Доновски	1985	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		

							14 год.
20	Маја Стојановска	1976	Професор по македонски јазик	ВСС	наставник по македонски јазик		14 год.
21	Весна Јорданова	1966	Професор по биологија	ВСС	наставник по биологија		28 год.
22	Маја Тенев	1983	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		14 год.
23	Ане Аврамовска	1982	Професор по географија	ВСС	наставник по географија		13 год.
24	Лолита Трајковска	1968	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		15 год.
25	Ѓорѓе Ќириќ	1992	Дипломиран музичар теоретичар,педагог	ВСС	наставник по музичко образование		7 год.
26	Валентина Јањиќ	1967	Дипломиран социолог	ВСС	наставник по граѓанско образование		22 год.
27	Бојан Петковски	1988	Дипломиран економист	ВСС	наставник по иновации		10 год.
28	Димитар Кратовалиев	1982	Дипломиран музичар теоретичар,педагог	ВСС	наставник по музичко образование		7 год.
29	Моника Петревска	1996	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		5 год.
30	Марјан Куцулоски	1980	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		16 год.
31	Донка Митева	1985	Професор по биологија	ВСС	наставник по биологија		8 год.
32	Далибор Савески	1984	Професор по физичка култура	ВСС	наставник по физичко и		9 год.

					здравствено образование		
33	Слободан Стаматовски	1975	Професор по физичко воспитание	ВСС	наставник по физичко и здравствено образовани		13 год.
34	Сандра Ноневска	1992	Професор по физичко и здравствено образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		9 год.
35	Даниела Давковска	1986	Професор по математика	ВСС	наставник по математика		12 год.
36	Христијан Билински	1986	Професор по филозофија	ВСС	наставник по етика		12 год.
37	Душица Мангутова	1981	Професор по македонски јазик и книжевност	ВСС	наставник по македонски јазик		4 год.
38	Фросина Поп-Ѓорѓиева	1989	Професор по ликовно образование	ВСС	наставник по ликовно образование		5 год.
39	Слаѓана Крстевска	1985	Професор по француски јазик и книжевност	ВСС	наставник по француски јазик		14 год.
40	Петар Спасојевиќ	1995	Дипломиран инженер по биологија	ВСС	наставник по природни науки/биологија		1 год.
41	Ивана Ракиќ	1988	Професор по физичко образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		7 год.
42	Андреј Стефановски	2001	Дипломиран инжинер по информатички науки и компјутерско	ВСС	наставник по информатика		3год.
43	Кристијан Шумковски	1983	Професор по физичко образование	ВСС	наставник по физичко и здравствено образование		6 год

44	Бошко Кентер	1983	Професор по физичко образование		наставник по физичко и здравствено образование		5 год
45	Ивана Ничевска	1990	Професор по англиски јазик	ВСС	наставник по англиски јазик		6 год
46.	Вики Станковска	1991	Професор по англиски јазил и книжевност	ВСС	наставник по англиски јазик		9год
47	Павле Јанакиевски	1984	Професор по историја	м-р по Историски науки	наставник по историја		.8 год
	СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ						
1	Иванка Николова	1965	Дипломиран социолог	ВСС	социолог		31 год .
2	Јасмина Ѓуроска	1980	Дипломиран педагог	м-р по менаџмент на човечки ресурси	педагог		16 год.
3	Аделина Давидовска	1984	Дипломиран психолог	ВСС	психолог		11 год.
4.	Елена Малческа	1985	Дипломиран социјален работник	м-р по Економски науки во областа на претприемништвото	социјален работник		14 год
5	Магдалена Огненоска Јосева	1995	Дипломиран социјален работник	м-р по менаџмент на човечки ресурси	социјален работник		4 год.
6	Искра Илковска	1999	Дипломиран специјален едукатор и рехабилатор	ВСС	дефектолог		2 год.
7	Душица Мангутова	1981	Дипломиран професор по македонски јазик	ВСС	библиотекар		4 год
8	Тони Димов	1965	Дипломиран професор по одделенска настава	м-р по Менаџмент во образованието	библиотекар		40 год

3.2. Податоци за раководните лица

Ред. број	Име и презиме		Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	Магдалена Петреска		Професор по одделенска настава	м-р по менаџмент на човечки ресурси	директор		18 год.
2	Тина Симиќ-Ацковска*		Дипломиран дефектолог	м-р по интелектуална попреченост и аутизам	помошник директор (дефектолог)*		15 год.

*Оваа работна позиција ќе ја обавува досегашниот дефектолог, а за половина од работното време е избран нов стручен соработник дефектолог.

3.3. Податоци за воспитувачите

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
/	/	/	/	/	/	/	/

3.4. Податоци за вработените административни службеници

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Силвана Давчевска	1969	Дипломиран економист	ВСС	секретар	29 год.
2	Андријана Велковски	1988	дипломиран правник	ВСС	сметководител	6 год.

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред. број	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1	Зоран Величковски	1963	монтер	ССС	хаус-мајстор	41 год.
2	Лила Цветковска	1964	козметички техничар	ССС	домаќин	25 год.
3	Бети Угриноска	1973	ССС	ССС	хигиеничар	19 год.
4	Ленче Величковска	1967	продавач	ССС	хигиеничар	36 год.
5	Сузана Маринковска	1967	технички секретарбиротехничар	ССС	хигиеничар	18 год.
6	Вијолета Пајовиќ Јанеска	1986	Дипломиран социјален работник	ВСС	хигиеничар	13 год.
7	ФросинаМихајлоска Саздовска	1977	продавач	ССС	хигиеничар	17 год.
8	Слаѓана Аџеска	1978	ССС	ССС	хигиеничар	18 год.
9	Верица Анѓелковска	1971	Дипломиран инженер -дрвна индустрија	ВСС	хигиеничар	14 год.
10	Даниела Бошковска	1974	аранжер во трговија	ССС	хигиеничар	12 год.
11	Валентина Цветковска	1964	правен техничар	ССС	хигиеничар	24 год.
12	Звезданка Дамчевска	1965	продавач	ССС	хигиеничар	26 год.
13	Весна Саздова	1970	правен техничар	ССС	хигиеничар	2год.
14	Даниела Арсова	1971	економски техничар	ССС	хигиеничар	6 год.
15	Златко Стојановски	1978	помошник книгоподвржувач	ССС	чувар	17 год.
16	Дарко Митровиќ	1985	Машинскоенергетски техничар	ССС	чувар	7 год.
17	Мире Милевски	1960	гимназија	ССС	чувар	27 год.
18	Сашко Митев	1966	готвач	ССС	чувар	32 год.
19	Даниела Ангеловска	1967	културолошки техничар	ССС	хигиеничар	14 год.
20	Жаклина Змејкова	1981	хемиски техничар	ССС	хигиеничар	6 год.

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Ред. број	Име и презиме на образовниот медијатор	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Години на стаж	Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор
/	/	/	/	/	/	/

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	вкупно	Етничка и полова структура на вработените											
		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	125	19	101	/	/	/	/	/	3	/	/	1	1
Број на наставен кадар	94	13	78	/	/	/	/	/	1	/	/	1	1
Број на воспитувачи	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Број на стручни соработници	8	1	7	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Администра-тивни работници	2	/	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошно-технички кадар	19	5	12	/	/	/	/	/	2	/	/	/	/
Директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошник директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Последипломски студии-втор циклус	16
Високо образование	92
Виша стручна спрема	/
Средно образование	17
Основно образование	/

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	5
31-40	35
41-50	44
51-60	36
61 - пензија	5

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Одделение	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		Други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	5	147	68	72	0	0	0	0	3	0	1	2	1	0
II	6	156	80	72	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4
III	7	175	89	86	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
I-III	**18**	**478**	**237**	**230**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3**	**0**	**1**	**2**	**1**	**4**
IV	7	199	99	97	0	0	0	0	1	0	1	0	1	0
V	6	181	89	85	0	0	0	1	1	0	0	1	1	3
IV-V	**13**	**380**	**188**	**182**	**0**	**0**	**0**	**1**	**2**	**0**	**1**	**1**	**2**	**3**
VI	6	180	97	79	0	1	0	0	0	0	3	0	0	0
VII	6	167	97	68	0	0	0	0	0	0	0	0	2	0
VI-VII	**12**	**347**	**194**	**147**	**0**	**1**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3**	**0**	**2**	**0**

VIII	6	158	87	71	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
IX	6	146	75	71	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
VIII-IX	**12**	**304**	**162**	**142**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
VI – IX	**24**	**651**	**356**	**289**	**0**	**1**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3**	**0**	**2**	**0**
I – IX	**55**	**1509**	**781**	**701**	**0**	**1**	**0**	**1**	**5**	**0**	**5**	**3**	**5**	**7**

4. Финансиско и материјално работење

Во однос на материјално-финансиско работење во нашето училиште се почитуваа и спроведуваа постапки кои се во согласност со законската регулатива. Училиштето ги информираше органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на истиот на редовни состаноци на Училишниот одбор, Наставнички совет и Советот на родители. Одговорните лица преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства, а финансиските средства се распределуваат според потребите и приоритетите во училиштето. На почетокот на учебната година се направи анализа на потребите на вработените (материјални средства, обуки и сл.) и потребите за тековно одржување на објектот, па согласно тие потреби и приоритетите се правеше распределба на средствата. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користеше за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Превземавме активности за осовременување на канцелариските простории на стручните соработници поради застареност и нефункционалност на истите, со истите се подобри работната атмосфера и ни овозможи поефикасна организација на работниот простор. Ги збогатиме и училниците со нови столчиња и клупи и обезбедивме дел современи нагледни средства.

5. Мисија и визија

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште да биде лидер и иновативно-модел училиште.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште е средина која нуди поддршка на индивидуалниот развој на учениците и професионален развој на наставниците што заедно резултира со ефективен и квалитетен воспитно-образовен процес.

6. Веќе научено/стекнати искуства

Многу е важно во училиштето да се создаде средина и атмосфера каде што учениците ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во наставникот/наставничката и во своите другарчиња. Се трудиме да обезбедиме користење на разни методи со кои ќе им пренесеме знаење на учениците, да ги вклучиме во донесувањето на правилата на однесување, да ги поттикнуваме да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Во својата воспитно-образована работа и постигањата на училиштето постојано ги користевме анализите од работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето, искуствата и поуките од работата во изминатите учебни години. На учениците им обезбедивме средина за учење што нуди најразлични доживувања, со што им помогнавме да се развие социјалното, интелектуалното, физичкото и емоционалното учење, соодветно на нивната возраст и степен на развој.

Со труд и работа создадовме:

- Средина за учење која се базира на заемна почит и демократски принципи;
- Услови секој ученик да стекне научни, уметнички, етички и практични способности, за да учествува успешно во 21-век;
- Услови за развој и продолжување на досегашната добра практика.

Организирањето на современа интерактивна настава, следење и оценување на учениците, избор на форми и методи на работа и ИКТ содржини и ИКТ- алатки за работа води кон унапредување и надоградување на наставниот процес и

осовременување на наставата. Оваа година продолживме да организираме обуки, работилници , вебинари и конференции за наставниците за зајакнување и унапредување на нивните компетенции. Посебно се организираа обуки за наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби/попреченост, обуки за напредок во полето за оценување, како формативното така и сумативното оценување (и кај ученици со ПОП), како и на полето на размената на искуствата на наставниците околу усовршување на ИКТ во наставата , отворените часови и обуки за постигнување на повисоки резултати на меѓународни тестирања и сл

Оваа учебна година бидејќи во Годишната програма беше ставено како приоритет Обука на наставниците и стручните соработници за препознавање, превенција и постапување во услови на насилство во училиштето и надвор од него (процедура и вештини) ,а исто така по препораките од интегралната евалузција каде што се наведува дека училиштето нема стратегии за намлување на насилство се направи акционен план во кој се вметнаа и се реализираа многубројни обуки за разрешување на конфликти, справување со врсничко и кибер насилство и сл

Во текот оваа учебна година сите тимови во училиштето и по хоризонтала и по вертикала обезбедија директна и/или индиректна поддршка на наставниците и стручните соработници во однос на професионалниот развој на наставниците. Тимот за подобрување на ИКТ вештините даваше поддршка на наставниците и стручните соработници за примена на е-алатки. Истите можат да ги користат при изготвувањето на различната училишна документација. Сите тимовите заедно со раководната и стручната служба во училиштето обезбедија низа обуки, консултации, работилници и дисеминации во насока на професионалниот развој.

Во училиштето и понатаму продолживме со едукација за еколошко образование и интегрирање на што повеќе еко содржини во наставните и воннаставните активности, се со цел создавање на свест за чиста околина, здрав живот и здрави генерации.

Исто така, искуствата ни говорат дека како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитна - образована дејност во училиштето се добра анализа и дијагностика, добро планирање, навременост во реализацијата, обезбедување на соодветни услови и материјали, споделени и детерминирани одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата.

И оваа учебна година продолживме да ја унапредуваме тимската работа во училиштето, бидејќи досега даваше одлични резултати.

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

1.Приоритетно подрачје на промени	Обука на наставниците и стручните соработници за препознавање, превенција и постапување во услови на насилство во училиштето и надвор од него (процедура и вештини)
Цели Одржување на интерни работилници за изработка на пропишана процедура за облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации	

Во однос на овој приоритет оваа учебна година се реализираа вебинари наменети за сите наставници и преставници од стручната служба, а во соработка со Детската фондација Песталоци.Теми на вебинарите беа :

- **Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците**

Вебинарот беше наменет за наставници и стручни соработници од основни училишта. Вебинарот им овозможи да ја разберат важноста на ученичкото учество и неговата улога во превенцијата на насилство, и да се запознаат со практични стратегии за имплементирање на законските барања и да создадат средина за соработка. Исто така, имаат можност да разменуваат искуства и идеи за подобрување на заштитата и учеството на учениците.

- **Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери и добри пракси**.

. Вебинарот имаше за цел да обезбеди практични насоки за идентификација на различните видови насилство и да им помогне на учесниците да разберат како да ги препознаат знаците на насилство во училницата. Покрај тоа, учесниците имаа можност да се запознаат со успешни примери за интервенции, кои можат да им користат за превенција и спречување на насилство во училиште.

Сите посетители добија дополнителни знаења за добрите пракси за заштита и учество на учениците.

Дел од наставниците и стручните соработници кои го посетија вебинарот имаа можност да се сертифицираат преку практична примена на стекнатите занења со реализација на часови во кои ќе применат теми за препознавање и превенција од насилство.

- Во соработка со институтот за човекови права и **проектот “Борба против омразата и нетолеранцијата “-** Дел од програмата на ЕУ и Советот на Европа-Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција се реализираше обука против врсничко насилство и говор на омраза.

Едукацијата се спроведе кај ученици,наставници и родители кои се стекнаа со знаења за превенција од врсничко насилство(препознавање), говор на омраза, Зголемување на свесноста кај заедницата и информирање каде и како да се пријави насилството. Учениците од 6 -9 одд. дебатираа со стручни лица (психолог и јавни обвинетели за малолетничка деликвенција) на теми за борба против насилство и Законските регулативи за малолетници кои ќе дојдат во ситуации на престап со насилно однесување и нивни законски последици. Се презентираа и прирачници за наставници и родителки за заштита на деца од насилство и говор на омараза.

- Согласно проектот "Безбедна училишна средина " спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши и СМАРТ АП-Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, во нашето училиште се реализираше проектната активност "Дружба низ спорт за безбедна училишна средина" под менторство на Александра Петровска каде учениците од ученичкиот парламент организираа инклузивни спортски активности.

Преку спортски активности може да поттикнеме подобра комуникација и дружба помеѓу учениците со цел да се намали меѓуврсничкото насилство и да се воспостави поголема меѓуврсничка толеранција. Тоа е активност кој вклучува ученици од различен пол, ученици со различен социјален статус, различна возраст, промовираат правила и трајни вредности. Преку овие активности се: Поттикнува другарување преку спортски активности, се надминуваат можни недоразбирања и зајакнување на меѓусебната толеранција, се вклучуваат ученици со потешкотии и се промовира инклузија а со тоа се создава безбедна и поддржувачка училишна средина.

- ООУ „Лазо Ангеловски” во соработка со институтот Алтернатива продолжи со реализација на програмата за родители и адолесценти „Flourish”.

За време на групните средби се учествуваше во активности и дискусии на теми како што се: Градење на позитивни односи, справување со стрес, воспоставување на правила и рутини за решавање на проблеми како и јакнење на односите со врсниците и меуѓсебна подршка.

- Психологот во соработка со претставници од Детската амбасада Меѓаши одржаа работилници за ученици и родители на тема *Превенција на врсничко насилство*. Преку овие работилница обучивме 10 ученици кои ќе бидат

врснички едикатотори и ќе помогната во превенција за врсничко насилство. Знаењата овие 10 ученици ги пренесоа на учениците од Ученичкиот парламент.

Со родителите е разговарано за улогата на родителите како важен фактор на создавање на безбедна училишна средина каде насилството не се толерира и нивната улога како воспитен фактор во семејството.

- Сите одделенски и класни раководители посветија поголемо време на одделенските часови за разговори и реализација на работилници од ОЖВ и работилници ДИСО-личен развој.
- Дел од наставниците и сите стручни соработници исто така се сертифицираа преку проектите на ЕДУЛАБ на тема *Насилство – Превенција и заштита преку примена на ИКТ алатки (напредно и основно ниво).*

2.Приоритетно подрачје на промени	Обука на наставниците за следење на напредокот на учениците и процесот на оценување.
Цели Обука на наставниците за следење на напредокот на учениците и процесот на оценување.	

Во рамките на овој приоритет Тимот за унапредување на оценувањето во училиштето во првото полугодие реализираа обука на тема: Следење и оценување на учениците.Преку презентации и работилници членовите на тимот на нововработените наставници им ги пренесоа знаењата и искуствата потребни за следење на напредокот на учениците.Тимот ги користише стручните материјали од УСАИД – ПЕП и БРО, воедно ги користи искуствата на наставниците.

При планирањето на оценувањето наставниците ќе ги користат целите и задачите од наставните планови и програми, стандардите и критериумите по дадените наставни предмети.
Во планирањето на формативното оценувањето наставниците се следеа дали ги користат следните методи со кои ќе се следи учењето:

- усно испрашување
- самооценување и меѓусебно оценување на учениците
- портфолио
- проекти
- тестови и контролни од наставниците
- стандардизирани тестови

- дискусија
- мисловни мапи
- есејски прашања

Во планирањето на сумативното оценувањето наставниците беа следени дали ги користат стандардите и критериумите зададени од страна на БРО во креирањето на инструментите за оценување.

Тимот за унапредување на оценувањето за секој квартален период изготвуваше извештаи и анализи за успехот на учениците. Тие анализи вклучуваат успех на учениците по паралелки,генерации и успех на учениците на ниво на училиште. Се споредуваа и резултатите на учениците по предметите за кои учениците покажуваат најслаб просек и се проучуваа причините за тоа. Се мотивираа и учениците и наставниците преку дополнителни часови,,поинтересни наставни методи и техники лекциите да им станат поинтересни и да се надоградат со нови знаења. Исто така се следеше и успехот на учениците на ниво на училиште и се правеа споредбени анализи за претходните три година. За сите овие анализи има изготвено извештаи од кои дел се и во Годишната програма за работата на училиштето.

Преземените активности ќе придонесат за поголемо задоволство на учениците и родителите и придонес за збогатено, корисно професионално искуство за наставниците.

3.Приоритетно подрачје на промени	Опремување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити.
Цели Подобрување на условите за реализација на наставата по ФЗО.	

Во рамките на овој приоритет во текот на учебната 2024/2025 година во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина поддржан од Детската фондација Песталоци се обезбедија спортски реквизти и тоа :

брендирани дресови -12 комлети.

топка за одбојка-3 парчиња

топка за фудбал-2парчиња

дрес маркери-3 парчиња

топка за кошарка-3 парчиња

спортски реквизити (стап 1,20 цм)-8 парчиња

спортски реквизите (конус со дупка 40 цм)-6 парчиња

спортски реквизити (конус маркери 1/40)-1 парче

спортски реквизити (препреки 15 цм)-2 парчиња

спортски реквизите (препреки 30 цм)-2 парчиња

спортски реквизите (препреки 45 цм)-3 парчиња

Исто така во текот на оваа учебна година Македонскиот Олимписки Комитет на сите училишта на Општина Аеродром им додели спортска опрема и реквизити. Донирани се :маркери 92, знаменца 4, фудбалски топки 4, одбојкарски топки 6, кошаркарски топки 4, 3 комплети пинг -понг, 2 јажиња, 3 тениски топчиња, 1 обрачи.

Преку ваквите донации се постигнува подобрување и осовременување на условоте во кои учениците имаат настава по физичко образование како и приближување на сите спортови до нашите ученици.

Оваа учебна година во фискултурната сала се заменија и светилките со нови штедливи светилки со што се очекува значително да се намали потрошувачката на електричната енергија .

4.Приоритетно подрачје на промени	Молерисување на 4 училници.
Цели Создавање на пријатна, здрава, хигиенска и естетска атмосфера за работа на учениците и наставниците.	

Ова приоритетно подрачје се реализира до крајот на учебната година ,а по завршување на наставната година се обезбедија средстава за молерисување на повеќе од предвидените 4 училници ,така да до почетокот на новата учебна 2025/26 година ќе бидат молерисани комлетно 7 училници, 6 училници и две канцеларии ќе бидат офарбани со мрсна боја, молерисани ќе бидат 2 ходника и аулата.

Со овој приоритет се обезбедува естетски пријатен простор за учење и работа и хигиенски и здрав престој на учениците и вработените во училиштето.

7.1. План за евалуација на акциските планови

Задача	Критериум за успех	Инструменти	Индикатор за успешност	Одговорен за следење	Повратна информација
Обука на наставниците и стручните соработници за препознавање, превенцијаи постапување во услови на насилство во училиштето и надвор од него (процедура и вештини)	1. Подобрување и унапредување на менталното здравје кај учениците 2. Подобра соработка меѓу наставниците, родителите и учениците 3. Поголема безбедност на учениците и вработените во училиштето	- спроведување на пропишана процедура за препознавање на насилствои заштита на жртвите од истото -едукативни предавања и работилници -Примена на интерен правилник за изрекување на награди и педагошки мерки	Помал број на пријавени случаи на меѓуврснички насилство Подобра меѓуврснички комуникација Поголемо чувство на безбедност кај учениците	Директор Пом. Директор Стручни соработници Тим за ненасилно однесување	-Записници од реализирани активности. -Извештаи од работата на тимот за ненасилно однесување -Евиденција за пријавени случаи на насилно однесување во училиште -евиденција за изречени педагошки мерки
Обука на наставниците за следење на напредокот на учениците и процесот на оценување	Подобрување на резултати Подобра соработка меѓу наставниците, родителите и учениците	Инструменти за следење на напрадокот на учениците	Постигнати повисоки резултати Зголемена мотивација кај учениците	Директор Пом. Директор Стручни соработници	Записници од реализирани активности. -Извештаи од работата на тимот за оценување
Опремување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити	Подобрување на квалитетот на наставата по ФЗО .	Договори за набавка Изготвени пресметки за изведба на активности	Подобрување на материјалните и техничките услови за работа	Директор Пом. Директор Стручни соработници Наставници	Договор за соработка и обезбедување на средства за изведба на активноста, извештај за реализирање на активноста

Молерисување на 5 училници	Подобрени технички услови	Изготвени пресметки за изведба на активноста/	Подобрување на условите за работа.	Директор,Помошник директор	Договор за соработка и обезбедување на средства за изведба на активноста, извештај за реализирање на активноста

8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Неработни денови во 2024/ 2025 година

За сите граѓани на РМ

- 8 Септември (недела), Ден на независноста,
- 11 Октомври (петок), Ден на народното востание,
- 23 Октомври (среда), Ден на Македонската револуционерна борба
- 8 декември (недела), “Св. Климент Охридски”.

За граѓаните од католичка вероисповед

- 01 ноември (петок), Празникот на сите светци,
- 25 декември (среда), првиот ден на Божиќ.

За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ

- 22 ноември (петок), Ден на Албанската азбука

Неработни денови во 2025 година

За сите граѓани на РСМ

- 01 јануари, Нова Година (среда)
- 07 јануари Божик (вторник)
- 19 јануари, Богојавление (недела)
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам 30.3.2025 (недела)
- Велигден, вториот ден на Велигден (петок 18.04.и понеделник 21.4)
- 01 Мај, Ден на Трудот (четврток)
- 24 мај (сабота), „Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители
- 02 Август (сабота), Ден на Републиката

За граѓаните од православна вероисповед

- 06 јануари Бадник, ден пред Божиќ (понеделник)
- 28 август, Успение на Пресвета Богородица - Голема Богородица (четврток)
- Работни - ненаставни денови со посебна програма
- 10 Јуни, патронен празник (вторник)
- 21 Март Ден на екологијата (четврток)

Работните денови кога се изведуваат ученички екскурзии, Денот на екологијата (21 Март), Патрониот празник (1 ноември) се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. Одбележувањето на значајните датуми се реализираше со читање реферати и соопштенија, уредување на училишниот холови и училишната аула, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности во училиштето и локалната средина.

Еколошки календар

16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија	

Во текот на 2024/25 година тимот за Еколошка интеграција ги реализира следниве поважни настани:

1. Во рамките на Еразмус + проектот: „ Нови пристапи во зелена транзиција за едукација на заедниците во пракса“ реализирани се активности за зајакнување на капацитетите на наставниот кадар од ООУ Лазо Ангеловски-Скопје, при што беа опфатени 48 наставниците од предшколска и школска возраст.

Во организација на Куќа на учители од Букурешт/The House of Teachers Bucharest, институција што функционира во рамките на Министерството за образование на Романија во соработка со Општина Аеродром на 29.10.2024 година беше реализирана Студиска посета за размена на добри практики во едукација на учениците.

На настанот гостите ги поздрави м-р Магдалена Петреска, Директор на ООУ Лазо Ангеловски-Скопје како и г-дин Тане Димовски, раководител на Сектор за образование при Општина Аеродром. Настанот го збогатија и учениците од нашето училиште со пригодна приредба. Учениците од 4-то и 5-то одделение ги поздравија присутните со еко химната на ООУ Лазо Ангеловски.

Драмската секција се претстави со пригодна престава со вклучени еколошки содржини.

Учениците од предметна настава се преставија преку училишните секции од групата на природните науки, земајќи активно учество на настанот.

2. Во насока на обезбедување на чиста животна средина, а со цел правилно депонирање и управување со отпадот во рамките на проектот: „Clean Air – нула цврст отпад во Општината Аеродром“, на 13.09.2024 ООУ Лазо Ангеловски-Скопје доби машина за рециклирање на ПЕТ пластични шишиња и лименки. На настанот присуствуваа г-дин Дејан Митески, в.д. градоначалникот на Општина Аеродром, г-дин Златко Перински, Министер за локална самоуправа, г-ѓа Вероник Улман, Амбасадорка на Швајцарија, како и поддржувачите во проектот, Штефен Худолин, Шеф на соработка при Делегација на Европската Унија во Скопје,

На настанот нашите ученици преку драматизација и песна испратија еко порака и ни покажаа како да се грижиме и да ја чуваме нашата животна средина.

3. Наставниците од тимот за еколошка интеграција со ученици учествуваа во:
-изработка на упатства за рационално користење на енергија и вода и истите да бидат прикачени на соодветно место во училиштето,
- понатамошно одржување на цвеќињата (полевање) во холовите на училиштето и следење на состојбата на засадените растенија во училишниот двор,
-понатамошно користење на машината за рециклирање на ПЕТ пластични шишиња и лименки од страна на учениците, со цел подигнување на свеста за чиста животна средина.
4. По повод Денот на екологијата 21- Март, наставниците од тимот за еколошка интеграција со ученици од одделенска и предметна настава учествуваа во:

- Разубавување на ходниците, канцеларииите и училниците со цвеќиња.

- Изработка и истакнување на содржини за заштита на водите и биодиверзитетот.

- Изработка на состави, цртежи, песнички и друг вид на изработки за заштита и зачувување на животната средина и истите беа прикачени на соодветно место во училниците и холовите.

5. Во просториите на Министерството за енергетика беше потпишан Договор за соработка помеѓу министерката Сања Божиновска, директорката на ООУ „Лазо Ангеловски“ и директорот на Македонски Телеком – со што официјално започнува реализацијата на паметниот систем за следење и управување со потрошувачката на електрична енергија во нашето училиште. Ова е важен чекор кон поодржливо, поеколошко и поефикасно училиште. Новото решение ќе ни овозможи подобар увид во потрошувачката, оптимизација на трошоците и поттикнување на одговорно користење на енергијата. Учениците ќе имаат можност одблиску да се запознаат со современи технологии и да развиваат енергетска свест.
6. Учиме да бидеме еко свесни ученици и наставници од ООУ „Лазо Ангеловски“ учествуваа во иницијативата за еколошка свест и одговорност во соработка со Македонски телеком и “Нула отпад”, при што беа собрани електронски уреди и испратени на рециклирање.

7. Одржан е Еко час – централен настан на националната агенција „Генералка викенд”, посветен на екологијата и на чистењето на животната средина.

8. Компанијата Тексомак во соработка со општина Аеродром организираше еко акција за собирање на текстилен отпад.

9. Градинарскиот центар “Фоја” дониираше растенија за нашето училиште. Со донацијата училиштето стана позелено и поубаво место за учење и дружба.

10. Ученици од ООУ Лазо Ангеловски учествуваа на “Е-Капитолијада” со изработка на еко-маски. “Е-Капитолијада 2025” се одржа со поддршка од Општина Аеродром и Амбасадата на Република Словенија во Скопје. Главна цел беше подигање на светста кај учениците за штетноста од електронскиот и електричниот отпад врз животната средина.работилници

11. Одржана е Еко-Арт изложба на која учениците со ентузијазм создаваа уметнички дела од рециклирани материјали, учеа за важноста на одржилвиот развој и се забавуваа преку креативни работилници. Проекот Ако-Арт беше организоран од Студентскиот парламент при Финки и е дел од проектот; “Clean AirDrom”, нула црвст отпад во општина Аеродром.

Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Предмет	Име и презиме	Одделение	изборен предмет	Неделен фонд на часови
Македонски јазик	Валентина Петрова	VIII 4,5 IX6		12+1
	Маја Стојановска	VII1,2,3,4,5		20+1
	Костадинка Поповска	VI1,2,3,4,5		20+1
	Весна Ангелевска	IX1,2,3,4,5		20+1
	Благица Ангеловска	VIII1,2,3,6 VI6		20+1
	Душица Мангутова	VII6		4
Математика	Даниела Давковска	VI1,2,3,4		20 + 1
	Моника Петревска	VI5,6 VII5,6 IX1		22
	Радмила Гиговска	VIII1,3,4,5,6		20+1
	Вангелица Поповска	IX2,3,4,5,6		20+1
	Лолита Трајковска	VII1,2,3,4 VIII2		20+1
Англиски јазик	Марина Блажевска	VII1-6 IV 7		21
	Мирослава П. Аневска	VI1-6 IV 3		21
	Оливера Доновски	IX1-6 I 5		20
	Љубица Ружинска	VIII1-6 IV 6		21
	Маја Тенев	III1-7 II3-6		22
	Емица Здравев	I1-4 IV1,2,4,5		20
	Ивана Ничевска	V1-6 II1,2		22
Француски јазик	Слаѓана Крстевска	VI 3,4,5 ,VII1-3 VIII2,3,6IX2,3,6		24+1
Германски јазик	Анета Талеска	VI 1,2,6 ,и VII4,5,6 VIII1,4,5IX1,4,		24+1
Ликовно образование	Фросина Поп- Ѓорѓиева	VI1,2,3,4,5,6 VII 1,2,3,4,5,6 VIII 1,2,3,4,5,6 IX 1,2,3,4,5,6		24+1
Музичко образование	Димитар Кратовалиев	VI 1,2,3,4,5,6 VIII 1,2,3,4,5,6	VII-1,2,3, Танци и народни ора-прво полугодие	15 + 6=21

		Хор 3 часа	VII4,5,6,- второ полугодие	
	Ѓорѓе Ќирић	**VII** ^{1,2,3,4,5,6} **IX** ^{1,2,3,4,5,6} **Оркестар 3 часа**	IX-1Танци и народни ора IX-2Танци и народни ора IX-6 Танци и народни ора	15 + 6=21
Природни науки и биологија	Весна Јорданова	**VII**$^{2-6}$**, VIII**^{1,2,3,5,6}		20+1
	Петар	**V**$^{1-6}$**,VI** три паралелки **VII**^{1}**,VIII**^{4}		25
	Донка Митева	**IX**$^{1-6}$**, VI** три паралелки		21+1
Техничкообразование	Златика Ј. Даскалов	**V**$^{1-6}$ **VI**^{1,2,3}	вештина на живеење VIII-1	20 часа +1
Информатика	Андреј Стефановски	**VI**^{4,5,6} **VII**$^{1-6}$	**VIII**$^{-,4}$ проекти од информатика IV -моделарство	20+1=21 часа
География	Марина Кујунџиева	**VI**^{1,2,3} **VII**^{1,2} **IX**^{5,6}	Справување со природни катастрофи VI 1,2,3 прво полугодие VI 4,5,6 второ полугодие	20+ 1=21
	Ане Аврамовска	**VIII**$^{-1,2,3,4,5,6}$ **VII**$^{-5,6}$	IX 3,4 и VIII6-Нашата татковина	16 + 6 =22
	Бојан Стојковски	**VII** $^{-,3,4}$ **IX** $^{-1,2,3,4}$ **VI** $^{-4,5,6}$	Viil-,2,3,5 нашата татковина	21
Историја	Филип Додевски	**VI**$^{-1,2,3,4,5,6,}$		

		VIII$^{-1,2,3,4,5,6}$		
	Мимоза Илиевска	**VII**$^{-1,2,3,4,5,6,}$ **IX**$^{-1,2,3,4,5,6,}$		
Етика	Христијан Билински	**VII**$^{-1,2,3,4,5,6}$	орал и етичмки вредност VII-1,2,3 VII-4,5,6	6+6=12
Емоционална писменост	Катерина Митковска		Емоционална писменост VI- ^{4,5,6},прво полугодие VI - $^{1.2.3}$.второ поллугодие	6
Граѓанско образование	Валентина Јањиќ	**VIII**$^{-1,2,3,4,5,6}$ **IX**$^{-1,2,3,4,5,6}$		12
Физика+	Жаклина Колевска	**VIII**$^{1-6}$, **IX**$^{1-6}$		24 + 1
Хемија	Жаклина Трајковска	**VIII**$^{1-6}$, **IX**$^{1-6}$		24
Иновации	Бојан Петковски	**IX** ^{1,2,3,4,5,6,}		6 часа
Физичко и здравствено образование	Петар Ацески	**IX**^{1,2,3,} **VII**$^{-1,2,3,4,}$		21
	Марјан Куцулоски	**VIII**$^{-1,2,3,4,5,6}$ **IX**$^{-5}$		21
	Слободан Стаматовски	**VI-**^{1,2,3,4,5,6}**,** **VII-**^{5}		21
	Сандра Ноневска	**I-**^{1,2,3,4,5} **II**$^{-1,2}$		21
	Ивана Ракиќ	**V**$^{-123456}$ **VII-6**		21
	Далибор Савевски	**IV**$^{--1,2,3,4,5,6,7}$		21

		II-1,5		
	Кристијан Шумковски	II-3,4,5,6,7 IX4.6,	изборен спорт IX-5	19+2=21
	Бошко Кентер	III-1,2,3,4,5,6,7		21+1=22

Работа во смени

Училиштето работи во две смени:

- Прва смена 07:30-12:50
- Втора смена 13:15-18:35

Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик	Босански јазик
Број на паралелки	55	/	/	/	/
Број на ученици	1509	/	/	/	/
Број на наставници	98	/	/	/	/

Проширена програма

Согласно Законот за основно образование чл.40 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), училиштето организира и реализира проширена програма. Истата се реализира преку посебна програма со која се планира организирано прифаќање и згрижување на учениците еден час пред и еден час по завршување на редовната настава од продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.За сите овие активности реализираните активности се дадени во извештаите кои се во прилог на Годишниот извештај.

Училиштето организира за учениците од прво, второ, трето одделение продолжен престој за ученици од иста паралелка. Во оваа учебна година не е организиран продолжен престој за учениците од различни паралелки поради немање на доволен број на заинтетресирани ученици. Наставници во продолжен престој се:

Одделение	Наставник
I-1	Билјана Колевска Шеќеринка Спасова
I-2	Мирјана Смилевска Пепи Спировска Христова
I-3	Марина Стојчевска Ана Додевска
I-4	Славица Стојановска Адела Бикиќ Јанковска
I-5	Снежана Петереска Зорица Божинов
II-1	Јасмина Мигуловска Лидија Божиновска
II-2	Весна Стрезоска Анета Димовска
II-3	Данче Димовска Емилија Христова
II-4	Екатерина Геговска Светлана Јосифоска
II-5	Лилјана Вурмеска Жанета Митровска

II-6	Лидија Шкуртевска
III-1	Тања Јосимовска Билјана Кузевска
III-2	Христина Божиновска, Петранка Крстевска
III-3	Шекеринка Спасова Роберта Јорданова
III-4	Дарко Димковски Кристина Башовска
III-5	Наташа Јакимовска Елена Гашевска
III-6	Јана Крстевска Јадранка Дракуловска
III-7	Билјана Спасовска
Дневен престој	/
Вк.	**34 наставници**

Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазик	**Број на паралелки**	**Број на ученици**
Англиски јазик	**55**	**1509п**
Германски јазик	12	305
Француски јазик	12	329

Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Тандем наставници за реализација на наставата по физичко и здравствено образование	
Наставник по физичко издравствено образование	**Одделенски наставници**
Далибор Савески	Емилија Сарафилоска IV1, Гордана Камческа Ѓореска IV2, ,Сања Стојановска Дамјановиќ IV3,, Александра Пејковска IV4, Марина Нанева IV5, Тамара Тодоровска IV6, Стефанија Додевска IV7, Лилјана Вурмеска,Жанета МитровскаII/5, Лидија Шкуртевска II6
Сандра Ноневска	Билјана Колевска, Шеќеринка Спасова I/1,Мирјана Смилевска ,Пепи Спировска Христова I/2 Марина Стојчевска ,Ана Додевска I/3, Славица Стојановска ,Адела Бикиќ Јанковска,I/4.Снежана Петреска ,Зорица Божинов I/5. Лидија Божиновска,Јасмина Мигуловска II/1, Анета Димовска Весна Стрезовска II/2
Ивана Ракиќ	Весна МирческаV-1Вангелина Мојаноска V-2, Душанка Панкова V-3, Теодора Шалевска V-4, Игор Боризовски V-5, Грозданка Крстевска V-6
Кристијан Шумковски	Емилија Христовска,Данче Димовска II3 ,Екатерина Геговска,Светлана ЈосифовскаII/4,Лилјана Вурмеска,Жанета Митровска II/5,Лидија Шкуртевска II/6
Бошко Кентер	Тања Јосимовска, Билјана Кузевска III-1, Христина Божиновска, Петранка Крстевска III-2, Шекеринка Спасова, Роберта Јорданова III-3, Дарко Димковски, Кристина Башовска III-4, Наташа Јакимовска ,Елена Гашевска III-5

Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како се изјасниј а во претходно спроведена анкета Од спроведените анкети и од добиените резултати во учебната 2024/2025 година се изучуваа следните изборни предмети:

- ОЖВ
- Еколошко образование
- Справување со природни катастрофи
- Морал и етички вредности
- Емоционална писменост
- Моделарство и креативни идеи
- Нашата татковина
- Изборен спорт
- Проекти од информатика
- Танци и народни ора

Учениците со задоволство ги следеа изборните предмети и истите беа високо оценети од страна на наставниците Тие во голема мера го зголемуваат просекот на училиштето.

Наставник	**Предмет**	**Одделение**					
Одделенските наставници	Еколошко образование	IV-1,2,3,4,5,6,7 (прво полугодие)					
Андреј Стефановски	Моделарство, креативни идеи-направи сам	IV-1,2,3,4,5,6,7 (второ полугодие)					

Одделенските наставници	Заштита на животната средина		V-1,2,3,4,5,6 (прво полугодие)				
Одделенските наставници	Образование за животни вештини		V-1,2,3,4,5,6 (второ полугодие)				
Катерина Митковска	Емоионална писменост			VI- 4,5,6,прво полугодие VI - 1.2.3.второ поллугодие			
Марина Кујунџиева	Справување со природни катастрофи			VI$^{-1,2,3}$ прво полугодиие VI ^{4,5,6} второ полугодие			
Златика Јолеска Даскалов	Вештини на живеење					VIII1	
Кристијан Билински					VII-4,5,6, -прво полугодие VII-1,2,3 второ полугодие		
Димитар Кратовалиев	Танци и народни ора				VII-1,2,3,, - прво полугодие VII-4,5,6 второ полугодие		
Бошко Кентер	Изборен спорт						IX5
Бојан Стојковски	Нашата татковина					VIII/2,VIII/3, VIII/5.	
Ане Аврамовска	Нашата татковина					VIII-6	IX-3,IX-4
Андреј Стефановски	Програмирање					VIII-,4	
Ѓорѓе Ќириќ	Танци и народни ора						IX-1,2,6

Дополнителна настава

Освен задолжителната настава во училиштето се реализира додатна и дополнителна настава. Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потешкотии во учењето или покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, за ученици кои од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава се изведуваше во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни карактеристики и потреби. За дополнителна настава, образовните групи се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат потешкотии во постигнувањето на градивото кај одредени ученици.

Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и според индивидуалните потреби и карактеристики на ученикот се применува индивидуална форма на работа, работа во групи, а може да се користи и заедничка работа со учениците од секоја од групите. Оваа година реализирани се вкупно 2213 часа дополнителна настава.

Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

8.10 Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Наставникот е должен да им ја понуди можноста за посетување на додатната настава, а учениците одлучуваа дали ќе ја посетуваат. Организирањето и реализацијата се одвиваше според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот се објавуваше на огласна та табла и на веб страната на училиштето. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. Оваа настава се изведуваше во текот на оваа учебна со еден час неделно за учениците од II до IX оддление.

Во текот на учебната 2024/2025 година се реализираа наставни часови со примена на ИКТ технологија. Наставниците ги планираат однапред ИКТ часовите и ги пријавуваат на линк креиран од страна на училиштето.Одржани се вкупно 96 часа со примена на ИКТ.

.Оваа учебна година се одржани Во оваа учебна година реализзирани се 1938 часа додатна настава.

Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик.

Надарените ученици се идентификуваа преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно, ученичко портфолио). Селекцијата на овие деца се врши во соработка на наставникот, родителот на ученикот и психологот преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;

- диференциран пристап во наставата

-групна настава за учениците со приближно исти способности ;

-додатна настава

-проектни активности;

-слободни ученички активности;

-организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;

-организирање креативни работилници

-акцелерација;

Со надарените и талентираните ученици наставниците се работеше континуирано во текот на целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици се вклучија и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси.

Работа со ученици со посебни образовни потреби

Како и секоја учебна година, со учениците со ПОП се работи по претходно изготвен акционен план, во којшто се вклучени Годишната програма за работа на инклузивниот тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработката на Индивидуален образовен план. Кај секој ученик што е детектирана потреба за изработка на ИОП (според проценката од соодветна установа МКФ, ЗМЗ и сл), беше формиран ИТУ за грижа за вклученоста и прифатеноста на ученикот како и изработка на ИОП-и за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Овие планирања се составен дел на планирањата на наставникот.

Во текот на учебната 2024/2025 година беа ангажирани 18 образовни асистенти за потребите на учениците со ПОП врз основа на договорот за соработка меѓу нашето училиште и ПОУ со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ согласно Законските измени кои се однесуваат на инклузивното образование.

Во интерес на унапредување на инклузивното образование училиштето имаше формирано Инклузивен тим на училиште како и Инклузивни тимови за ученици. Во нашето училиште има поголем број на ученици со посебни образовни потреби а со тоа и се формираа повеќе инклузивни тимови за ученик. Членовите на Инклузивниот тим за ученик (ИТУ) се :претставник на УИТ, одделенски/ класен раководител и ИТУ- сите наставници кои предаваат на инклудираниот ученик како и родителот/старателот на ученикот.

Во ООУ „Лазо Ангеловски“ развиена е добра инклузивна пракса и политика која се применува и почитува. Имаме инклудирано ученици со најразлични посебни образовни потреби и попреченост. Во зависност од видот на ПОП за овие ученици во соработка на УИТ и ИТУ се изработуваа Индивидуални образовни планови (долгорочен, среднорочен, краткорочен) се применуваа и планираа диференциран пристап на работа, прилагодувања во училница и слично. Специјалниот едукатор и рехабилитатор преку својата годишна програма за работа имаше однапред испланирано на кој начин ќе се дава помош и поддршка на учениците со ПОП како и следењето на напредокот и постигнувањата.

При изработката на ИОП-от на даден формулар јасно се дефинираа задачите и улогата на секој еден чинител на истиот, беа поставени рокови и одговорни лица за реализација на ИОП-от. Ова учебна година беа изработени ИОП-и за 19 ученици и за 5 ученика беше изработена модифицирана наставна програма.

Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немаше организирано туторска поддршка на учениците, но со последните измени во Законот за основно образование училиштето е подготвено да потпише договор со некој од педагошките универзитети и да ангажира студенти како тутори за оние ученици каде што ќе се детектира потреба за истото, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет соодветно на дадените насоки од страна на МОН.

План на образовниот медијатор

Во ООУ„Лазо Ангеловски“ е назначен образовен медијатор за ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем.Оваа учебна година немавме потреба од услугите на образовниот медијатор, но доколку се јави потреба ќе се соработува согласно дадените насоки од страна на МОН.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар по ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. Училишниот спортски клуб кој постои од 2013 година, реализираше активности од областа на спортот и спортски активности, според афинитетите на учениците. Планот на активностите, времето на реализација, опфатеноста на ученици, предвидените настапи, турнири итн., се дадени во програмите за воннаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Распоредот за натпревари се прави според Федерацијата на училишен спорт на РСМ. Преку ученичките натпревари се презентираат постигнувањата

на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари се организираа на ниво на училиште, општински регион во рамките на училиште, а најуспешните ученици учествуваа и на меѓународни натпревари.

За таа цел во училиштето функционираа следниве спортови: кошарка, фудбал / футсал, ракомет, атлетика, кросеви, одбојка.

Оваа учебна година можеме да се пофалиме дека **станавме државни прваци во кошарка (женска екипа).**

9.2. Ученички акции

Во училиштето се организираа базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за реализација и супервизија во која задолжително има претставници од Советот на родители.Во оваа учебна година се реализираа следните акции.

- Хуманитарна акција по повод Денот на гладта
- Ликовен хепенинг по повод патрониот празник на училиштето
- Крводарителски акции
- Хуманитарна акција за донирање на парични средства по повод божиќните празници за учениците од социјално загрозените семејста
- Доделување на новогодишни пакетчиња за учениците од социјално загрозени семејства
- Новогодише продажен базар со изработки од ученици,наставници и родители
- Засадување на садници од расадник ФОЈА при што е хортикултурно разубавен училишниот двор. Засадување на 30 садници од чинар - дрвја кои се идеални за урбана средина и имаат долг животен век.
- Дониграме за нашиот соученик кој е со влошена здравствевена состојба
- Еко час, централен настан на националната агенција „Генералка викенд", посветен на екологијата и на чистењето на животната средина.
- Набавка на облека за полуматура за ученици од социјално загрозени семејства
- По повод одбележувањето на 21 Февруари - Денот на мајчиниот јазик, членовите на Клубот на млади лингвисти и литерати при ООУ „Лазо Ангеловски", под менторство на м-р Благица Ангеловска, предметен наставник по

македонски јазик, им поделија честитки на учениците, наставниците, стручните соработници и другите вработени во училиштето, како и на случајните минувачи во околината на училиштето. Преку изготвените честитки беа актуелизирани најсуштинските цитати и мисли на македонските великани во научната јазична мисла Крсте П. Мисирков и Блаже Конески, како и безвременските поетски стихови на македонските поети Кочо Рацин, Ацо Шопов, Анте Поповски, Петре М. Андреевски, Гане Тодоровски и др.

- Негувањето и афирмацијата на македонскиот литературен јазик како мајчин јазик меѓу најмладите е благородна мисија којашто секојдневно треба да ја остваруваме. Затоа што тоа е колепката на идентитетот како суштинско обележје на секоја личност.
- Саемот на книгата што се одржа на 28.05.2025 во аулата на нашето училиште беше прекрасно доживување за сите ученици. Во рамките на проектот „Читателски авантури за најмладите“, учениците донираа книги и лектирни изданија за збогатување на училишната библиотека, а истовремено ги презентираа своите трудови поврзани со прочитаните лектири. Атмосферата беше исполнета со љубов кон книгата, ентузијазам и читателска радост.

Ученичко организирање и учество

Заедницата на паралелка ја сочинуваа сите ученици во паралелката. Секоја заедница избира претседател, заменик претседател, постојани тела и повремени тела. Работата на заедницата на паралелка ја води претседателот на одделението. Претседателот свикуваше минимум еден состанок во месецот на кој се разгледуваа тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, се разговараше за текот на спроведувањето на активностите и се договараа идни активности во согласност со потребите на учениците. На првиот состанок се изготви план за работа кој се однесува на периодот од една учебна година.

Ученичкиот парламент е формална институција загарантирана со закон, која им овозможува на учениците демократски начин на здружување со цел да ги застапуваат интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат врз нив.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. На првиот состанок се избра претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент .Претседател на ученичкиот парламент е Софија Ристиќ а заменик Матеј Николовски.

Процесот на колективно одлучување подразбира дека мислењето на секој ученик мора да влијае на конечната одлука. Кога се искажува сопствено мислење, треба да се има предвид дека и другите го имаат тоа право. Секој ученик кој очекува неговото мислење да биде сослушано и почитувано, мора да го стори тоа во однос на другите. Учеството во процесот на донесување одлуки не значи дека мислењето мора нужно да влијае на конечната одлука. Процесот на заедничко одлучување

подразбира размена и соработка преку активно слушање, ценење и почитување, а не односот помеѓу победниците и губитниците.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент беше изработена Годишна програма за работа распределена по месеци за целата учебна година. Како координатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош беше задолжен психологот на училиштето Аделина Давидовска.

Во текот на учебната 2024/2025 година во рамките на училишниот парламент се продолжи со реализација на Активности од проектот „Безбедна училишна средина“. Се реализираа активности за спроведување на демократски иницијативи од страна на учениците кои имаа за цел учениците да се чувствуваат како еднакви учесници во работата на училиштето, демократски да се вклучат во решавањето на проблемите и работата на училиштето, да поднесуваат иницијативи и да научат како да ги спроведуваат.

- Во текот на првото полугодие се одржаа две работилници за развивање на комуникациски вештини.Работилниците помогна учениците да развијат подобри комуникациски способности, кои ќе им помогнат да го изразат своето мислење и да соработуваат со своите врсници на начин кој промовира разбирање, почит и доверба.
- Обука за Развивање на ученички проект/иницијатива.

Обуката беше насочена кон развивање на вештини за креирање и управување со проекти, кои се од суштинско значење за идниот личен и професионален развој на нашите ученици. Учениците имаа можност практично да учат за важноста на дефинирањето цели, поставувањето реален буџет и соодветното распределување на ресурсите.

Во второто полугодие активностите беа повеќе насочени кон работа и активности за Превенција на врсничко насилство. За таа цел учениците проследија повеќе обуки и работилници за истата тема. Беа реализирани работилници на оваа тема а Согласно проектот "Безбедна училишна средина " спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование. Исто така едукативни работилници беа реализирани од страна на Детската амбасада Меѓаши,МВР,институтот Алтернатива и ЕУ и Советот на Европа. Овие активности подетално се образложени погоре во делот на приоритетите за оваа учебна година.

За време на групните средби се учествуваше во активности и дискусии на теми за Препознавање и превенција на врсничко насилство и беа обучени учениците од Ученичкиот парламент за врсничко посредување во превенција на насилство.

Работа на ученички правобранител за учебната 2024-2025 година

Ученикот Правобранител кој е избиран оваа учебна година е Јована Атанасовска. Тоа е ученик кој се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето. Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права а се реализираше преку различни активности (едукативни работилници, дебати и сл.) Реализацијата на овие активности е со помош и соработка со стручната служба во училиштето. Втората задача на правобранителот беше поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознаваше прекршување на детските права и собираше поплаки од учениците. Понатаму правобранителот ги доставуваше поплаките до стручната служба за натамошно решавање. Ученикот правобранител имаше редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Правобранителот редовно учествуваше во работата на ученичкиот парламент.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Учениците имаат можност да ја запознаат нашата татковина преку редовни наставни и воннаставни активности кои се реализираат во нашето училиште, нивната околина и поширокото опкружување. Училишните екскурзии, излети и настава во природа им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно – историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

Целта на ученичките излети и екскурзии ќе биде поврзување на теоретски разработените наставни содржини со практиката:

-Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина, предзнаењата и знаењата да се дополнат, да се дооформуваат, потврдат и систематизираат;

-Развивање на способности за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;

-Воспоставување блиски и непосредни односи меѓу учениците,подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив;

-Развивање смисла за убавото, чување на природата, природните реткости и други материјални и духовни богатства и формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на учениците со следниве членови:

1. м-р Магдалена Петреска - . директор
2. м-р Тина Симиќ Ацковска-помошник директор
3. Анета Талеска-предметен наставник
4. Билјана Колевска - одделенски наставник
5. Анета Димовска - одделенски наставник
6. Марија Митева -одделенски наставник
7. Стефанија Додевска- одделенски наставник
8. Игор Боризовски- одделенски наставник
9. Донка Митева-предметен наставник
10. Фросина Поп-Ѓорѓиева -предметен наставник
11. м-р Благица Ангеловска - предметен наставник
12. Вангелица Поповска -предметен наставник

1. Излети и екскурзии кои се реализираа во текот на учебната 2024/2025 година

- Излети и екскурзии за учениците:

I. Излети и екскурзии кои се реализираа во текот на годината

1. Есенски и пролетни излети и екскурзии за учениците од I,II,III,IV,V,VI,VII,VIII и IX одделение

- I одделение -Манастирски комплекс: Св.Ѓорѓија во с.Дељадровци, Парк – шума Гази Баба

- II одделение -Манастирски комплекс Св.Ѓорѓија во с.Дељадровци
- III одделение - Манастирски комплекс Св.Ѓорѓија вос.Дељадровци,еднодневна екскурзија во Лешок
- IV одделение - Средно Водно,Кучково
- V одделение - Парк – шума Гази Баба,.Четиридневна настава во природа-Охрид,
- VI одделение - Средно Водно ,Дводневна екскурзија-Дојран
- VII одделение - Манастир „Св Ѓорѓија“ - с.Дељадровци,Парк -шума Гази Баба
- VIII одделение -Скопска Црна Гора, Чучер - Сандево ,Парк- шума Гази Баба
- IX одделение -IX одделение – Тридневна екскурзија – Охрид,Средно Водно

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во текот на учебната 2024/2025 година учениците заедно со своите наставници учествуваа во низа воннаставни активности. Преку нив учениците ги надградуваат своите знаења и интереси од различни области.

Најмногу се истакна драмската секција која оваа учебна година подготви три претстави.-По повод Патрониот празник, по повод Новогодишните празници и театарска претстава „Шеќерна приказна”, која внесе магија пред очите на нашите ученици. Децата и родителите со восхит ги следеа нашите мали актери кои професионално си ги извесоа своите улоги
.

Активни беа и литературната секција преку која учениците со своите литераурни дела учедтвуваа на разни конкурси на разни теми. и при тоа земаа дипломи и благодарници.

Оркесатрот и хорот предводени од наставничите по музичко учествуваа на разни натпревари и освоија прво место.

Активни беа и сите други секциии : еколошка секција која го разубавуваше хортикултурно дворот ,секцијата на млади биолози, прва помош, географската и историската секција, млади физичари и хемичари кои правеа разни експерименти и добиваа нови искуства,историската секција преку која се одбележуваа разни значајни историски датумим преку реферати и изложби ,ликовната преку која малите уметници ги уредуваа и разубавуваа со своите дела холовите

на училиштето и учествуваа со своите цртежи на разни ликовни хепенинзи и конкурси.За работата на сите секции извештаи поднесоа одговорните наставници а,тие се дол одГодишниот извештај нанучилиштето (прилози).

Ќе наброиме само дел од воннаставните активности кои оваа учебна година се реализираа во училиштето а сите други подетално можат да се погледаат на страната на фејсбук на училиштето,на инстаграм и на веб страната на училиштето

Учениците од III-1 и III-2 на 3.10.2024 беа во посета на Театарот за деца и младинци каде по повод Светската недела на детето гостуваше театарот Бабец од Битола како дел од програмата на ИДФДТ„Игор Маџиров" и ја следеа претставата „На гости кај Кате и Фреда".

Учениците од III-3,III-4,III-5,III-6 и III-7 на ден 5.11.2024година исто така беа во посета на Театарот за деца и младинци и ја следеа претставата „Волшебната флејта".

На ден 19.11.2024 год. Актив трето ја посети Македонската опера и балет каде ја проследи детската балетска претстава „Доктор Офболи" и истата беше во склоп со обработка на лектирата за трето одделение.

Учениците од III-3 одделение беа во посета на „Чифте Амам" каде имаа ликовна работилница „Беди и јас" и изработките им беа изложени за изложба.

Учениците од Актив трето одделение земаа активно учество во хуманитарните акции кои се организираа во училиштето, Новогодишниот базар и присуствуваа на Новогодишната училишна претстава организирана и реализирана од учениците членови на драмската секција. На 21.12.2024 год. во просториите на Младинскиот културен центар учениците од II-1 и III-2 одделение приредија незаборавна Новогодишна претстава а истото беше организирано од страна на Меѓународното полициско здружение-ИПА. Паралелките четврто 2 и 3 реализираа новогодишна работилница за украсување на училницата во соработка со родителите ,како и земаа учество во реализираната проектна активност за украсување на природна елка со рачно изработени лампиони, организирана од градинарски центар Фоја, каде што добија и награда зимзелени хортикулурни .

-.Работилница во Музејот на МРБ и посета на Министерство на Европски Прашања

-Посета на општинската зграда на општина Аеродром и средба со ВД градоначалникот Дејан Митевски

Се организираат санитарни прегледи за сите вработени. Посебно внимание се обрнуваше на редовно вакцинирање на учениците и систематски прегледи според планот на Поликлиника Јане Сандански, со која и оваа година продолжува соработката.

Од страна на стоматолошката амбуланта во Поликлиниката Јане Сандански се вршеа редовни стоматолошки прегледи на забите на учениците од I до IX одделение.

18.3. Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IV одделение се врши според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје - Скопје, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение со одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. За учениците од I одделение со навршени шест години следи ревакцина МРП (морбили, рубеола, паротит) за учениците од II одделение и III одделение - ревакцина ДТ Полио (дифтерија,тетанус) и тестирање манту за ТБЦ. За учениците од VII одделение вакцини за детска парализа и тетанус и за учениците од IX одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцини.Учениците кои наполниле 12 години (машки и женски) според согласност од родителите се вакцинираа од ХПВ вакцина.,

Учениците ги придружува одделенскиот раководител и тоа се одвива во слободното време на учениците пред или после часовите.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организираше едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта е едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности. Се одржуваа предавања на теми за здрава исхрана и здрав живот во соработка со родители кои се стручно едуцирани во тематиката на здрава исхрана.Комисијата за исхрана е формирана со цел следење и подобрување на квалитетот на исхраната на учениците, осигурување на безбедноста на храната и промовирање на здрави навики во исхраната.

Во текот на изминатиот период, Комисијата ги спроведе следните активности:

-Редовни состаноци: Одржани се состаноци на кои се разговараше за актуелни прашања поврзани со училишната исхрана, се анализираа повратни информации и се планираа идни активности.

-Мониторинг на квалитетот на оброците: Вршен е редовен надзор на оброците кои се служат во училишната трпезарија/од страна на добавувачот.

-Се проверуваше разновидноста на храната, свежината на состојките и големината на порциите.

-Хигиенски надзор: Вршен е надзор на хигиенските услови во просториите каде што се подготвува и сервира храната, како и на личната хигиена на персоналот.

-**Соработка со добавувачи/персонал:** Остварени се средби со претставници на добавувачите на храна/персоналот задолжен за исхрана, со цел дискусија за квалитетот, безбедноста и нутритивната вредност на оброците.

Според целите на оваа комисија, на почетокот на учебната 2024/2025 год. имавме состанок на кој беше утврдено двонеделното мени.

Откако почна учебната година се утврди и бројот на ученици кои ќе земаат топол оброк, па според таа бројка се направи и распоред според кој учениците ќе влегуваат во кујната за појадок и ручек.Термините за појадок и ручек се почитуваат и нема никакви забелешки.

Учениците се служеа со храна од ТП Кетеринг Сити Фуд - Скопје.

Комисија за проверка на квалитет на тополиот оброк изврши контрола на тоа дали Носителот на набавката ја подготвува храната согласно техничката спецификација, односно менито кое е во прилог на овој договор.

Менито е истакнато на видно место кое се користи за послужување топол оброк на учениците и забележано е дека топлите оброци се испорачуваат исклучиво согласно менито ,а 5-8% од предвидените порции од дневното мени е прилагодено и за ученици кои од здравствени причини се нетолеранрни на одредени продукти (за ученици нетолерантни на глутен, лактоза, со дијабет итн).

Исто така, оваа учебна година Агенцијата за квалитет на храна изврши проверка на квалитетот на храната која се служи на учениците во продолжен престој и констатира дека ги задоволува квалитетот и стандардите на истата.

Квалитетот на производи од кои се подготвуваат оброците е во согласност со Законот за безбедност на храната („Сл. весник на РМ" бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/2015, 213/2015 и 39/2016) и Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на РМ" бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13 106/2013, 116/2015, 149/2015, 193/2015 и 39/2016), Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште Бр.18-14496/1 од 17.12.2020 донесен од страна на Министерот за образование и наука како и други подзаконските акти од областа на безбедност на храната.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Наставниците беа задолжени за дисциплината на учениците за време на одморите во ходниците, санитарните јазли и во училишниот двор. Според распоредот задолжените одговорни наставници водеа евиденција за тековните збиднувања за дисциплината за време на одморите . Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето се продолжи со едукација на вработените за асертивно однесување,тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти,тим билдинг ,синергија и сл.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развиваше одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негуваше позитивниот однос кон работата. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, учествуваа во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот, а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми кои се реализираат. Училниците и холовите беа естетски и

тематски уредувани.Следењето и оценувањето на естетскиот изглед на училниците и холовите во училиштето, се вршеше согласно барањата на Програмата,според следниве крирериуми:

1. Запазување на темите и содржините од годишната програма

2. Запазување на естетиката во уредувањето,како на паноата, така и на изработките

3.Навремено обновување на паноата во училниците и холовите

4.Запазување на хигиената во училниците

Комисијата ги прогласи и им додели пофалници на наставниците кои најуспешно ги уредуваа своите училници и работни простории.Тоа се училниците од IV- 2 одделение.Како училиште по повод Новогодишните празници учествуваме на комкурсот за исбор на најукрасено училиште и тука преку гласовите на фејсбок го освоивме првото место на ниво на општина.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии. Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Тимот за односи меѓу сите структури (м-р Магдалена Петреска- директор, Силвана Давчевска- секретар, Сашо Стевановски- совет на родители, Иванка Николова – социолог, , Софија Ристиќ училишен парламент) преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, законот за основно образование и интерните правилници, секогаш се почитуваат. За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно даваше поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. За децата со посебни образовни потреби, е вклучено стручно лице-дефектолог, кое работи со тие ученици.

Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители ,чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби. За да се подобри квалитетот на училиштето ќе се вршат анализи на резултатите добиени на полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата ќе се прават планирања за следната учебна година.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Тимот за професионален развој во согласност со предвидената динамика на Акциискиот план, во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, ги спроведе следните активности:

● месец август/септември – Тимот за професионален развој ги разгледа извештаите на наставниците за личниот професионален развој и ја утврди состојбата на реализираниот професионален развој, т.е. утврди колку од личните планови на наставниците се реализирани целосно, делумно или не се реализирани.

● месец август - Тимот за професионален развој даде насоки на наставниците и од одделенеска и од предметна настава да се изработат лични планови за професионален развој за учебната 2025/26 година.

● Месец септември – Тимот за професионален развој ги прибра податоците и анализираше личните планови за професионален развој поднесени од наставниците. се дополни и изготви соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален развој на наставниот кадар

● месец септември – беа дадени насоки за подготвување на ИОП од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор и се изготвија соодветни и адаптирани програми односни ИОП-и и модифицирани програми за работа со учениците со ПОП.

Во текот на полугодието - Тимот изработи Г-форма за евидентирање и водење база на податоци за посетени внатрешни и надворешни семинари, обуки, трибини, панел дискусии, конференции од страна на наставниците

● Внатрешни: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSdUP8brME0aRzyBQ5_DjEUxMW7T590xrMdIzo0t4HKO2-_cQg/viewform?usp=dialog

● Надворешни: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSekZtnnna8OyCU3IPiLxPo2XDmiemabMS-g49Kx0uSQEwJ82Q/viewform?usp=dialog

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и оснивачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги искажува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Континуираното образование односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Наставничката професија е една од оние во која воочливо доаѓа до израз потребата од следењето на новините и трендовите, со цел да се излезе во пресрет на потребите на учениците и постојаните промени во општеството.

Училиштето редовно организира екстерни и интерни обуки во училиштето и ги упатува наставниците и стручните соработници да ги следат тие обуки, семинари и сл., најчесто организирани МОН, БРО и други стручни и лиценцирани, акредитирани организации за организирање и спроведување на истите . Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршеа дисеминации од обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат наставниците кои не биле на истите.

20.2. Активности за професионален развој

Тимот за професионален развој во согласност со предвидената динамика на Акцискиот план, во текот на учебната 2024/2025 година, ги спроведе следните активности:

- месец август/септември – Тимот за професионален развој ги разгледа извештаите на наставниците за личниот професионален развој и ја утврди состојбата на реализираниот професионален развој, т.е. утврди колку од личните планови на наставниците се реализирани целосно, делумно или не се реализирани.
- месец септември – Тимот за професионален развој даде насоки на наставниците и од одделенеска и од предметна настава да се изработат лични планови за професионален развој за учебната 2024/25 година.
- Месец септември – Тимот за професионален развој ги прибра податоците и анализираше личните планови за професионален развој поднесени од наставниците. се дополни и изготви соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален развој на наставниот кадар
- месец септември/октомври – Тимот изработи Г-форма за евидентирање и водење база на податоци за посетени внатрешни и надворешни семинари, обуки, трибини, панел дискусии, конференции од страна на наставниците
- во текот на првото и второто полугодие наставниците интензивно следеа надворешни и интерни обуки

Нововработените наставници беа запознати со обврските за изработка на ЛППР како и за развојот на своите компетенции преку интерната обука „Запознавање со компетенциите на наставниците и изработка на ЛППР“ која се одржа на 16.1.2025 год. Исто така беа одржани и следниве интерни обуки „Инклузивно образование“, „Следење и оценување на постигањата на учениците“ и „Вештачката интелигенција во наставата“ кои се одржаа на 16 и 17.01.2025 г. Интерните обуки беа одржани од наставници во училиштето Тања Јосимовска, Мирослава Павлова-Аневска, Валентина Петрова и Душанка Панкова.

Покрај интерните обуки наставниците од ООУ Лазо Ангеловски следеа и надворешни обуки и тоа: Меѓународна конференција за наставници по англиски јазик во организација ЕЛТАМ МК, „Нови предизвици, нови перспективи““Справување со врсничко насилство и кибернасилство” „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.)“ од Подрачјето професионален развој и професионална соработка на основни професионални компетенции, „Стратегии за работа со ученици со специфични тешкотии во учењето (дислексија, дисграфија и дискалкулија) и ученици со аутизам“, Enhancing language learning and instruction , Grupe poddrske za roditelje djece s teskocama u razvoju, Lancement des fiches pédagogiques sur l'égalité entre les filles et les garcons, L'exploitation avancée de l'IA dans l'enseignement du FLE, Multimodalni pristup citanju osoba s visestrukom teskocama u razvoju, Обука за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата, Безбедни на мрежа: Виртуелен штит, Безбедност и заштита при работа , Видови на насилството и превенција од насилство, Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки, Денови на психологија, За методите како мостови на учење кои ги поврзуваат умовите и срцата на учениците, Заедничка мисија, Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците, Македонска Менторска Мрежа – обука за ментори, Насилно однесување, Науката и јас, Обука за безбедност и заштита при работа, Обука за ЕСАРУ, Обука за новата наставна програма за предметот француски јазик за седмо одделение, Обука за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата, Обука од Еразмус КА1 програмата на тема Агенда 2030 и Цели за одржлив развој (Agenda 2030 and Sustainable Development Goals), Планирање и реализација на наставата по биологија за 7 одд, Планирање и реализација на наставата по Географија во VII и VIII одделение според новата наставна програма, Планирање и реализација на наставата по физика согласно новите наставни програми за седмо одделение, Предизвикувачко однесусвање со практични вежби, Препознавање и соодветна реакција на сите видпви насилства и примери на добра пракса, Примена на ИКТ алатки во секојдневна настава (основно ниво), Примена на ИКТ алатки во секојдневната настава/напредно ниво, Пролетен семинар на наставници и професори по географија од основните и средните училишта, Промоција на безбедна училишна средина, Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој, Професионална соработка на наставниците од подрачјето Професионален развој и професионална соработка на основни професионални компетенции, Справување со врсничко насилство и кибернасилство, Стратегии за менаџмент во училница -принципи и примери на добра прак.за созд.позитивна работна атмосфера во училница и онлајн.

По завршувањето на второто полугодие Тимот за професионален развој изврши анализа на посетените обуки и утврди дека реализирани се приближно 500 часа обука. Дополнителни часови на обуки ќе бидат реализирани и во месец август.

Записниците од состаноците на Тимот за професионален развој се составен дел од овој извештај.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следеше преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на личниот план за професионален развој. Секој наставник своите вештини ги развиваше преку следење на обуки организирани од МОН и БРО, обуки, работилници и сл. од други институции и здруженија, а кои се од нивен интерес, семинари, конференции и сл., но исто така и нивната примена. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој а на крајот на учебната година се доставува извештај за спроведенти и посетени обуки од стана на наставникот и реализираните планирани активности.

20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реалиација на наставата се реализираат на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени и нагледни часови. Воедно сите дисеминации од посетените обуки, семинари, конференции и сл. допринесуваат кон стекнатото знаење и вештини. Акцентот ќе биде насочен кон унапредување на тимската работа, каде наставниците ќе имаат можност секојдневното искуство меѓу себе да го споделуваат.

Главен акцент оваа година се постави на следење на обуките акредитирани од БРО и МОН, но исто така и нивната имплементација. Исто така ќе биде присутно и размената на професионално искуство преку одржување интерни обуки од Тимовите во училиштето како и интеграција на повеќе предмети. Ефектот од овие видови на професионалне развој се следеше од страна на стручната и раковидната служба на училиштето.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето го поддржува кариерниот развој на наставниците и стручните соработници бидејќи на тој начин всушност се подобрува и квалитетот на наставата и работата на училиштето воопшто. Процесот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници се одвива во три дела: приправнички период, период на самостојна работа на наставникот/стручниот соработник, наставник/стручен соработник ментор, наставник/стручен соработник -советник. Воспитно образовниот кадар е запознат со:

- основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот;
- професионалните стандарди за наставникот ментор;
- професионалните стандарди за наставникот советник;

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Партиципацијата на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остварува на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор. Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Преку Советот на родители беа вклучени повеќе активности од кои посебно внимание им се посвети на следните:

- Следење на воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;

- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Грижа за здравјето на учениците и создавање оптимални услови за престојот на учениците во училиштето;
- Грижа за естетскиот изглед на училиштето;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Во училиштето се организираа редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваа со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2024/2025година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие.

Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваа во организација на забави, работилници, предавања, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Стручните служби и наставниот кадар отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интереси.

Покрај овие термини за прием на родителот со цел за разговор, соработка за унапредување на воспитно образовниот процес, училиштето организираше и отворен ден за родители секој последен четврток од крајот на месецот со што им се дава можност на родителите посебно да продискутираат со наставниците за успехот и поведението на учениците,а преку тоа да бидат во тек со напредокот на ученикот.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење

Родителите постојано и на редовните родителски средби, онлајн и со физичко присуство се информираа за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, над десет или повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканува на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваа на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаа учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаа активно учество во проектните активности што се спроведуваа во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“,„Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“.

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваа во организизација на разновидни средби, прослави, натпревари,работилници, предавања, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр. „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Во донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваа во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираа за работата на училиштето и се разгледуваа суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Во воннаставни активности во училиштето

Родителите имаа активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предметии сл.

Оваа учебна година учениците и родителите учествуваа во повеќе хуманитарни акции:Собирање на парични сретсва за лекување на наш болна ученичка и ученик чија здравствената состојба беше нарушена. Учествуваа во традиционалната акција по повод Новогодишните и Божиќните празници „Збогати ја Божиќната трпеза„кои средства беа наменети за социјално загрозени деца од нашето училиште,Учество замаа и во Новогодишниот базар на кои учествуваа со свои изработки кои се наменети за продажба ,а собраните сретства донирани за подобрување на условите за работа во училиштето, односно беа набавени завеси за голем број од училниците.

УЧИЛИШЕН ОДБОР

Според Законот за Основно образование и Статутот на училиштето, во ООУ„Лазо Ангеловски-Аеродром- Скопје,“ е конституиран Училишниот одбор кој е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.

Претседател на Училишниот одбор е Јасмина Боримечковска претставник од родителите. На седниците на Училишниот одбор, се поканууваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент.

Училишниот одбор како највисок орган на управување функционира според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваат од потребите во функција на квалитетна организација на работата на училиштето и тоа:

* Предлага Годишна програма за работа на училиштето за тековната година;

* Усвојува Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето;
* Донесува програма за развој на училиштето;
* Донесува програма за воведување на повисоки стандарди за работата на училиштето;
* Предлага финансиски план;
* Предлага годишна програма за јавна набавка;
* Предлага Финансиски план и Завршна сметка до основачот;
* Планира и донесува одлуки за набавка на основни средства;
* Дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
* Го следи успехот на учениците;
* Утврдува мерки за подобрување на условите за работа во училиштето;
* Одлучува по жалби на вработени, ученици и родители;
* Решава за потребни мерки на безбедност на училиштето;
* Се вклучува во Патрониот празник на училиштето;
* Соработува со Советот на родители;
* Избира постојани и привремени комисии;
* Разгледува други прашања утврдени со Статутот на училиштето;

Освен наведените активности Училишниот одбор врши и други работи утврдени со Законот. Заклучоците кои се донесуваат на состаноците, јавно се истакнуваат на огласна табла, со цел да се покаже јавност и транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираат предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично.

Но од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подигање и развивање на педагошката култура на родителите се вршеше и преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.

Психологот и понатаму вршеше советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) се одвиваше и од страна на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

Процесот на едукација на родителите/ старателите во учебната 2024/2025 година се реализираше преку одржување на работилници и предавања за родители од страна на стручните соработници и др институции.

Изработка на брошура за родители

Училиштето изработи брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа,бизнис заедница,месното население)

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно-образовното ниво кај месното население. Училиштето соработува со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини..

- Фирмата„ ЕСИ - Агенција за вработување„ дониpаше нов инвентар за канцелариите на вработените во училиштето.Донацијата се состои од мебел вклучувајќи плакараи,бироа,полици и столици со кои ги опремивме канцелариите што значително се подобри работната атмосфера и ни овозможи поефикасна организација на работниот простор.
- Во просториите на Министерството за енергетика беше потпишан Договор за соработка помеѓу министерката Сања Божиновска, директорката на ООУ „Лазо Ангеловски“ и директорот на Македонски Телеком – со што официјално започнува реализацијата на паметниот систем за следење и управување со потрошувачката на електрична енергија во нашето училиште.

Ова е важен чекор кон поодржливо, поеколошко и поефикасно училиште. Новото решение ќе ни овозможи подобар увид во потрошувачката, оптимизација на трошоците и поттикнување на одговорно користење на енергијата.

Учениците ќе имаат можност одблиску да се запознаат со современи технологии и да развиваат енергетска свест вредност која ја негуваме заедно за иднината.

- ООУ „Лазо Ангеловски“ и општествено одговорната компанија Паком Компани преку брендот Vivax успешно соработуваат повеќе години, со заедничка визија за подобрување на образовната средина и поддршка на воспитно-образовниот процес.

Соработката опфаќа различни активности, од едукативни и стручни обуки, до подобрување на условите за работа и учење преку современи технички решенија.

Во рамки на ова партнерство, Паком Компани обезбеди Vivax уреди кои ќе придонесат за поквалитетна и пријатна средина за нашите првачиња и наставниот кадар.

Оваа соработка е потврда за взаемната посветеност кон развојот на едукацијата и поддршка на младите генерации, како и голем поттик за нови активности.

Институции од областа на култрата

Во планирањата на наставниците се вкучени организирани посети на: Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет,природно научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости.Општина Аеродром, во училиштето се одржа пригодна програма

Во соработка со Општина Аеродром и ООУ „Лазо Ангеловски“, здружението MACEDONIAN BIKE RIDERS одржа едукативна работилница за учениците, посветена на основното одржување на велосипедите, личната безбедност и правилата за безбедно учество во сообраќајот.

За време на настанот, учениците се запознаа и со предизвиците што ги имаат велосипедистите, како и со нивните предлози за подобрување на локалните мерки за одржлива урбана мобилност.

Зелената акција која ја организира Општина Аеродром, во рамките на проектот „ЕУ за чист воздух“ се започна со садење на 92 нови дрвја Во акцијата која се одржа во дворот на ООУ ,,Лазо Ангеловски” беа засадени 30 садници од чинар – дрвја кои се идеални за урбана средина и имаат долг животен век Нашите ученици од IV, VI и IX одделение учествуваа на забавна и едукативна работилница со Првиот скопски извиднички одред , каде преку игра и практични примери научија за: важноста на урбаното зеленило , придобивките од дрвјата врз квалитетот на воздухот и како сите можеме да придонесеме за поздрава животна средина

Проектот е финансиран од Европската Унија и се реализира со цел намалување на аерозагадувањето и унапредување на квалитетот на воздухот .

За поздрава средина и зелени училишта - садиме, учиме и растеме заедно! 🌱

Институции од областа на образованието

Во текот на ова година основни училишта, со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, државни универзитети и други институции од оваа област зависно до потребите.

Невладини организации

Училиштето континуирано изминативе години води соработка со неколку невладини институции. Соработката продолжи со истите а по потреба и со други организации. Се соработуваше со НВО Step by step, Отворете ги прозорците, НВО ПОРАКА, Аеродром, НВО Lions club, Црвен Крст, ПАКОМАК,СЕГА.

По повод презентацијата на машините за рециклирање и торбите за примарна селекција на отпад, во рамки на проектот „Clean Air – нула цврст отпад во Општина Аеродром“ – мото: „Рециклирај, донирај, подобри“, Општо нашето училиште беше извршена замена на осветлувањето со енергетски ефикасни ЛЕД светилки, благодарение на изборот на над 300 граѓани кои учествуваа на Форумите во заедницата, во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети“.

Новото осветлување значително ќе придонесе за: намалување на трошоците за електрична енергија, • подобрување на условите за работа и учење, заштита на животната средина.

Овој проект е финансиран од Владата на Швајцарија преку Embassy of Switzerland in North Macedonia и Министерството за локална самоуправа, а е кофинансиран и имплементиран од УНДП, во соработка со други национални институции и ЗЕЛС.

Компанијата „Тексомак“ во соработка со Општина Аеродром организира еко акција за собирање текстилен отпад.

За таа цел беа поставени Контејнери низ општината, со цел секој ден граѓаните да можат да го остават текстилниот отпад на следниве локации:

Спортски друштва

- Федерација на училишен спорт на Македонија
- Федерација на училишен спорт на град Скопје
- Училишен спортски клуб ООУ„Лазо Ангеловски”

Здравствени организации

- Поликлиника Јане Сандански
- Завод за ментално здравје Скопје
- Завод за јавно здравје
- Завод за говор, слух и глас, осигурителна компанија ЕУРОЛИНК
- ПЗУ ТОСПАШ
- Центар за јавно здравје Скопје

Други институции, установи и организации

- Комисија за проценка од стручно тело по МКФ;
- Национална агенција за развој на европски образовнипрограми и мобилност;

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

За сопствена афирмација училиштето соработува со најразлични видови на медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа се објавуваа во општинскиот весник Аеродром, како и други дневни и неделни печатени медиуми. Исто така јавноста континуирано е информирана за случувањата преку вебстраната на училиштето http://oulazoangelovski.com.mk/. Во рамките на Еразмус+ КА229 проектот "Млади новинари денес - одговорни дигитални граѓани утре" од декември 2019 нашето училиште има свој училишен дигитален весник: Л.А. ИН-форматот https://lainformator.wordpress.com/ кој е креиран и едитиран од учениците членови на Медиумската група. Главната цел на проектот и на самиот е-весник е развивање на медиумската писменост на учениците и наставниците на продуктивен начин преку публикување на дигитален училишен весник и креирање на работилници за медиумска писменост. Истовремено училишниот е-весник има свој профил на социјалната мрежа Инстаграм https://www.instagram.com/in_formator_la/. Училиштето преку својата Facebook страна https://www.facebook.com/%D0%9E%D0%9E%D0%A3-%D0%9B%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%90%D0%BD%D0%B3%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-102282212392229/?mibextid=ZbWKwL и Инстаграм страна https://instagram.com/oou_lazoangelovski?igshid=YmMyMTA2M2Y= споделува информации за постигањата на училиштето како и објави од наставни, воннаставни активности, соработки, партнерства и сл. Носители на активностите се одделенските раководители, одговорните наставници на стручните активи и генерации, стручните соработници и раководната служба.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Организација и реализација на наставата и учењето	Во текот на учебна 2024/2025 година	Директор Помошник директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици
Постигањата на учениците	Во текот на учебна 2024/2025 година	Наставнk Ученик Родител Стручни соработници	Наставници Родители Ученици Стручни соработници
Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар	Во текот на учебна 2024/2025година	Директор Помошник директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи БРО, ДПИ	Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици
Управување и раководење со училиштето	Во текот на учебна 2024/2025година	БРО, ДПИ Училишен одбор Локална самоуправа Совет на родители	
Комуникација и односи со јавноста	Во текот на учебна 2024/2025година	Директор Помошник директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици
Училишна клима и култура	Во текот на учебна 2024/2025година	Директор Помошник директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици
Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната		Помошник директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици

заедница и невладиниот сектор			

- **Организација и реализација на наставата и учењето се следеше во текот на целото полугодие од учебната 2024-2025 година преку увиди во:**

-Годишна програма за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Брошури, флаери и веб-страна на училиштето
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од состаноци на стручните активи
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии
-Досиеја на учениците
-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час
-Записници од следење на наставни часови
-Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи)
-Примери од оценети ученички трудови
-Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала
-Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали
-Електронски дневник

- **Постигањата на учениците се следеа со увид во**:

- Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција и документација
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од посета на наставен час

-Дневник за работа на стручната служба
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Досиеја на учениците
-Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари)
-Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение (од надлежните служби од Единиците на локалната самоуправа)
-Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата
-Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)
-Записници од средби со родители
-Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници)
-Извештаи и анализа на напредокот на учениците по паралелки
-Евиденција за остварени средби и соработка со родителите
-Електронски дневник
-Изложени трудови на учениците
-Паноа за пофалби, награди
-Медиумско промовирање на постигањата на учениците
-Увид во веб страната на училиштето
-Евиденција за наградени и пофалени ученици

- **Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар се следеше преку увиди во:**

-Годишен извештај за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
- Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Извештаи за професионалниот развој на наставниците
-Самоевалуација и Развоен план на училиштето
-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Финансов план на училиштето

- **Следењето на Управување и раководење со училиштето се реализира преку**:

-Годишен извештај за работа на училиштето
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)

-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма за работа на основното училиште се изведува двапати во текот на учебната година, односно со завршувањето на првото полугодие од учебната 2024/25 год, во месец Јануари 2025 и на крајот од учебната година, најдоцна до 31 Август 2025 година. Евалуацијата се изведува преку собирање на различни извештаи, анкети, прашалници, записници, следење на постигнувањата на учениците и сл. коишто ќе бидат изготвени од страна на раководната и стручната служба, одговорните наставници на стручни активи, ученичкиот парламент, координаторите на тимовите, советот на родители, училишниот одбор.

Задача	Активност	Временска рамка	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	Потребен буџет
Подготовка на програмите акционите планови	Проверка на изготвените програми и акциони планови	Септември Август	Стручни соработници	Проверка на изработените програми и акциони планови врз основа на однапред дадени насоки за изработка	Чек листа	Правилно изготвени програми и акциони планови според насоките дадени од страна на училиштето, БРО и МОН	Директор помошник директор стручни соработници	/
Следење на реализацијата на програмите и акционите планови	1.Спровед ување на активности те зададени во програмит е и акционите програми 2.Одржување на координативни состаноци меѓу координаторите на тимовите, стручните соработници и раководната служба	Во текот на годината	Раководна служба, стручни соработници координатори на тимовите	Реализација на различни активности и одржување на состаноци	Извештаи од спроведени активности и записници од состаноци	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор, Помошник директор	/

Евалуација на програмите и акционите планови	Анализа и евалуација на спроведените активности зададени во програмите и акционите планови	Јануари Мај	Раководна служба, стручни соработници координатор и на тимовите	Врз основ на поднесените полугодишни и годишни извештаи се прави анализа и евалуација за реализацијата на активностите	Извештаи и анализи од спроведен-ата евалуација	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор, помошник директор стручни соработ-ници	/

Заклучок

Годишниот извештај е изработен од страна на сите структури во училиштето со помош на планирањата на стручните активи, тимови, организации, стручни соработници, раководната и управувачката служба, административно-техничката служба, Советот на родители иУчилишниот парламент. Истиот е структуриран од страна на Комисијата за изработка на Годишниот извештај за работа на основното училиште. Познавајќи ги нашите човечки и материјални ресурси, очекуваме ова планирање или евентуално прилагодено да биде реализирано успешно и да добиеме нови позитивни искуства кои би ги применувале во иднината а сите нереализирани да тежнееме да ги реализираме или пак да најдеме поинакви начини за реализација.

Комисија за изработка на Годишен извештај за работа на основното училиште

м-р Магдалена Петреска - директор

м-р Тина Симиќ Ацковска - помошник директор

Иванка Николова - социолог

м-р Јасмина Ѓуровска - педагог

Аделина Давидовска - психолог

Елена Малческа - социјален работник

Искра Илковска - специјален едукатор и рехабилитатор

Душица Мангутова - библиотекар

Тони Димов - библиотекар

Одговорни наставници на секции, тимови и организации

Директор

м-р Магдалена Петреска

_____

Претседател на училишен одбор

Јасмина Боримечкоска

_____

Скопје Јуни, 2025 година

ООУ “Лазо Ангеловски”, Општина Аеродром, Скопје
Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година

Комисија за изработка на Годишен извештај за работа на основното училиште

м-р Магдалена Петреска - директор

м-р Тина Симиќ Ацковска - помошник директор

Иванка Николова - социолог

м-р Јасмина Ѓуровска - педагог

Аделина Давидовска - психолог

Елена Малческа - социјален работник

Искра Илковска - специјален едукатор и рехабилитатор

Душица Мангутова - библиотекар

Тони Димов – библиотекар

Одговорни наставници на секции, тимови и организации

Директор

м-р Магдалена Петреска

Скопје Јуни, 2025 година

Претседател на училишен одбор

Јасмина Боримечкоска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Врз основа на член 108 од од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/2019), Училишниот одбор на седницата одржана на ден 10.07.2025 година, ја донесе следнава

Република Северна Македонија
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 02-304/3
10.07. 2025 год.
Општина Аеродром-Скопје

О Д Л У К А
За усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година

1. Училишниот одбор на ООУ,,Лазо Ангеловски,, на седницата одржана на ден 10.07.2025 година, го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор

Јасмина Боримечковска